Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918

**Ордановски**

Останете здрави, после ќе му ја мислиме за изборите!



**Лазаревски**

Танц со вирусот, но и со фискалната и монетарната политика



макс. дозволено 50 µg/m3

Велес 50 µg/m3 PM 10

mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 1 | 18 |
| Охрид | 1 | 12 |
| Битола | -1 | 12 |
| Маврово | -3 | 4 |

**СРЕДА 8 АПРИЛ 2020** | Број 1930 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**

## САБОТНОТО ВИКЕНД-ИЗДАНИЕ НА „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“ В ПЕТОК!

Ги известуваме читателите и соработниците на „Слободен печат“ дека поради продолжениот полициски час - кој за викенд ќе трае од петок 16 часот до понеделник 5 часот, време во кое никој не смее да се движи без специјална дозвола - саботното викенд-издание на весникот ќе излезе в петок, како трохброј. Следниот број на весникот ќе биде во продажба в понеделник, што значи дека во работните денови нема промени - остануваат редовните, вообичаени термини во излегување на весникот.

РЕДАКЦИЈА „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“

### Партиските кујни посегнаа по опасни средства

# Црната пропаганда го „гаѓа“ Филипче, а ја „убива“ борбата со епидемијата

**Морбидно** На социјалните мрежи се намножија монтирани видеа, со мрачни слики и психоделична музика, во кои со неточни информации и паушални оценки, се оцрнува работата на здравствените институции и на министерот за здравство. Во време на сериозни кризи со кои се соочуваат општествата, настанува мобилизација околу надлежните институции и засилена поддршка кон нив. Тоа конкурентните политичари не можат да го поднесат, велат комуниколозите.




Фотографија **Слободен печат / Арбнора Мемети**

## Ниту работа, ниту ред, ниту дисциплина

● Банките, продавниците, наплатните центри, банкоматите, поштите...се преплавени од луѓе. Но, при чекањето пред влезовите не се почитуваат мерките за задолжително растојание. Напротив, тешко може да се види нешто што личи на самодисциплина и самозаштита.

**Интервју Талат Џафери**

Не е ДУИ виновна што ВМРО -ДПМНЕ победуваше на избори!



страници 12-13

**Заштитна опрема**

Глобална војна и пиратски грабежи за секоја маска



страница 10

# Хроника

За добро и навремено информирање на компаниите многу е важно да нема временско несовпаѓање помеѓу најавата на која било мерка и објавата на соодветниот документ, уредба, објава во „Службен весник на РСМ“ и слично, со што таа мерка детално се објаснува. Тие две работи треба да одат рака под рака, да се случуваат истовремено.
**Зоран Јовановски, Стопанската комора на Македонија**

**Неодговорно** Партиските кујни посегнаа по опасни средства

# Црната пропаганда го „гаѓа“ Филипче, а ја „убива“ борбата со епидемијата

**Морбидно** На социјалните мрежи се намножија монтирани видеа, со мрачни слики и психоделична музика, во кои со неточни информации и паушални оценки, се оцрнува работата на здравствените институции и на министерот за здравство.

**Мотиви** По дефиниција и од искуство, во време на сериозни кризи со кои се соочуваат општествата, настанува мобилизација околу надлежните институции и засилена поддршка кон нив. Тоа конкурентните политичари не можат да го поднесат – велат комуниколозите.




**Весна Тодоровска**

Повеќе корисници на социјалните мрежи, како Јутјуб и Фејсбук, активно споделуваат видеа со тенденциозни песимистички пораки, проследени со мрачни сцени и психоделична музика, чија цел е да се оцрни работата на Владата, на министерот за здравство и на здравствените институции во справувањето со епидемијата на коронавирус.

**Овие видеа се многу штетни, зашто форсирањето на негативна кампања, која изобилува со дезинформации и лажни вести, само предизвикува забуна кај граѓаните, ја поткопува довербата во здравствениот систем и ги мотивира граѓаните да не се придржуваат кон мерките за заштита.**

Бојан Кордалов, експерт за односи со јавност и нови медиуми

На тие видеа се содржани пораки дека „здравствениот систем под раководство на Венко Филипче е во распад“, дека во Македонија има „најмал број тестирани, а најголем број заразени и починати, во споредба со сите други земји погодени со ковид-19“. Видеата претежно се анонимни, без потпис на авторите или нарачателите.

Специјалистот за односи со јавност и нови медиуми Бојан Кордалов за „Слободен печат“ ја објаснува оваа појава. По дефиниција и од искуство, вели тој, во време на сериозни кризи со кои се соочуваат општествата, настанува мобилизација околу надлежните институции и засилена поддршка кон нив за побрзо надминување на кризата. Затоа е очекувано во моментов поголем дел од граѓаните да се „врзуваат“ за здравствените работници, особено за министерот за здравство, бидејќи од него очекуваат „спас“ од епидемијата со коронавирус и целокупната ситуација.

- Кое било редовно истражување на јавното мислење, покажува зголемен рејтинг на надлежните институции или индивидуи, како и на актуелните влади во голем дел земји во светот. Такво нешто последно можевме да забележиме и со рејтингот на претседателот во САД, а дома со рејтингот на министерот за здравство и на здравствените институции – посочува Кордалов.

Другите конкурентни политичари тој пораст на популарноста тешко го доживуваат, па тука треба да се бара изворот на мотивација за ваква црна пропаганда. Затоа е важно, вели Кордалов, да се потсетиме на една важна работа што политичките партии ја заборавaат.

- Во вакви кризни ситуации не говориме за рејтинг што се рефлектира на избори, туку за доверба во институции и нивни раководители да се справат во кризни ситуации. И таа доверба е важно да постои зашто токму од неа зависи на каков начин ќе се почитуваат мерките што се преземаат, а зависи и поддршката за побрзо и поефикасно справување со моменталната корона-криза. Со сигурност може да тврдиме дека ни е повеќе од потребна здрава доверба во институциите во моментот. Кога ќе помине сето ова, политичарите ќе го имаат целото време на светот да се вратат на своите игри, јавни и заткулисни, да ги реактивираат партиските „кујни“, но и да се натпреваруваат помеѓу граѓаните докажувајќи се кој е подобар и кому треба да му се даде или одземе власта – вели Кордалов.

**Премиерот Оливер Спасовски во повеќе наврати апелираше да не се шират лажни вести и дезинформации бидејќи создаваат неоснована паника и имаат долгорочни штетни последици.**

Според него, овие видеа се многу штетни, зашто форсирањето негативна кампања, која изобилува со дезинформации и лажни вести, само предизвикува забуна кај граѓаните, ја поткопува довербата во здравствениот систем и ги мотивира граѓаните да не се придржуваат кон мерките за заштита.

Премиерот Оливер Спасовски во повеќе наврати апелираше да не се шират лажни вести и дезинформации бидејќи создаваат неоснована паники и имаат долгорочни последици. Тој најави дека институциите ќе ги санкционираат овие злоупотреби. Тој апелираше и до медиумите да објавуваат само проверени и потврдени информации.

**Вести.**

## Британска донација за војниците на АРМ

Британската Амбасада во земјава вчера донираше опрема за Армијата за поддршка за нивното справување со ситуацијата со коронавирусот.

Британската Амбасада на својот официјален Твитер профил објави дека е важно да се остане заедно во овие времиња на предизвици.

„Државниот секретар Николиќ ја прими британската донација од заштитни ракавици и повеќе видови пумпи на висок притисок и рачни пумпи за дезинфекција. Армијата се грижи за граѓаните, ние се грижиме за безбедноста и заштитата на нашите војници“, објави Министерството за одбрана на Фејсбук.

## Студентите до петок да ги земат личните работи од домовите

Студентите кои имаат потреба да ги посетат студентските домови за да подигнат оставени лични работи ќе може да го направат тоа во следните четири дена почнувајќи од вчера, во одредени периоди од деновите согласно со вонредниот полициски час и дополнителните ограничувања во слободата на движење.

Директорот на Државниот студентски дом „Скопје“ Дарио Николовски на својот фејсбук-профил објави дека посетите на домовите ќе бидат дозволени од денеска до 10 април (петок) од 9 до 13 часот.

Николовски во објавата наведува дека оваа одлука е поради бројните барања на студентите и нивните потреби и напоменува дека при посетата на домовите потребно е да се почитуваат препораките односно да се носат маска и ракавици.



**Црн биланс.**

# Уште петмина починаа од коронавирус

Четири пациенти со коронавирус вчера починаа на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје, а еден пациент кај кој исто така било потврдено присуство на вирусот починал дома во Куманово. Станува збор за пациент од Куманово на 52 годишна возраст, пациентка од Лабуништа на 65 годишна возраст, пациент од Тетовски Челопек на 62 годишна возраст, пациентка од Штип на 81 годишна возраст и 53 годишен кумановец кој починал дома. Завчера се направени 386 теста. Регистрирани се нови 29 случаи од кои 15 од Скопје, 7 од Куманово, едно лице од Прилеп, тројца од Струга и тројца од Кочани.

Со ова, вкупната бројка на дијагностицирани пациенти со Ковид-19 во нашата земја изнесува 599 лица. Досега има 30 излекувани пациенти и 26 смртни случаи од вирусот досега во земјава. Најголеми жаришта на вирусот се Скопје со 254 и Куманово и 128 заразени, а по нив следуваат Дебар(49), Прилеп(34), Тетово (29), Струга (28), Штип (20), Кочани (17), Велес (10), Битола (6), Гостивар, Радовиш и Гевгелија (4), Охрид и Крива Паланка (3), Кавадарци, Крушево и Струмица (2).

**Вести.**

## Превозниците ќе возат по 11 часа

• Се зголемува дневното време на управување со возило на мобилните работници во патниот сообраќај од 9 на 11 часа додека трае вонредната состојба, а дополнително се одложуваат полагањето на испитите и рокот на важење на сертификатите за професионална компетентност на лице одговорно за превоз и возач за учество во меѓународен патен сообраќај, како и за превоз на опасни материи, информираше вчера министерот за транспорт и врски Горан Сугарески.

Со цел побрзо реализирање на транспортот, нагласи Сугаревски, Владата донесе уредба за примена на Законот за работно време на мобилните работници во патниот сообраќај и тахографите, која предвидува зголемување на дневното време за управување со возило додека трае вонредната состојба од 9 на 11 часа, а возачите ќе може да возат 5 и пол часа, по што ќе треба да направат пауза од најмалку 45 минути.

## Полициски распоред и за шетање на милениците

• Сопствениците на кучиња кои ги чуваат како домашни миленичиња во станови, ќе може да ги изнесуваат надвор во одредени термини во денот за време на забраната и посебниот режим на движење што ќе се применува од денеска.

Според одлуката на Владата, на целата територија на државата, своите миленичиња од понеделник до петок сопствениците ќе може да ги изнесуваат од домовите 30 минути навечер, од 20 до 20.30 часот.

Во сабота и недела дозволено им е да ги изнесат трипати во денот – наутро од 8 до 8.30 часот, попладне од 15 до 15.30 и навечер од 20 до 20.30 часот.

Притоа треба да бидат оддалечени најмногу 100 метри од објектот во кој живеат и да го задржат минимум потребното растојание од останатите лица и да не се групираат.

**Епидемија** Стапуваат во сила заострените мерки



# Сега само седењето дома ни е спас!

**Алармантно** Досега починаа двајца релативно млади пациенти, 31-годишен маж од Скопје и 40-годишен маж од Кочани. Има и 18 деца помлади од 9 години со коронавирус во земјава, но тие се во стабилна состојба и со лесна клиничка слика.

**Мирослава Бурнс**

Здравствениот систем влегува во најтешката фаза од борбата со коронавирусот. До крајот на април се очекува бројката на заразени со ковид-19 да достигне 2.500, а за да не се преоптоварат капацитетите, се воведе построг полициски час, кој треба да го спречи ширењето на вирусот. Од денеска е забрането движењето по 16 часот до 5 изутрината, секој ден, а во викендите од 16 часот во викендот, до понеделник во 5 изутрината.

Епидемиолозите се децидни дека не постои лек, не постои вакцина и нема друг начин да се застане на патот на ширење на вирусот, освен со социјална изолација и ограничување на движењето. Ваква порака испрати доктор Владимир Микиќ од Институтот за јавно здравје, порачувајќи дека бројката на новозаразени со ковид-19 може „да пламне“ ако не се преземат ригорозни мерки.

- Апелирам да го издржиме овој период за да ги заштитиме оние кај кои ова заболување може да предизвика навистина тешка клиничка слика - порача докторот.

Епидемиолозите препорачуваат оние што биле во државен карантин, а се вратиле од странство, дополнително да поминат уште две недели во самоизолација.

Како што посочи министерот за здравство Венко Филипче, коронавирусот не ја исклучува можноста за тешки компликации и тешка клиничка слика и кај помладите пациенти. Досега починаа двајца релативно млади пациенти, 31-годишен маж од Скопје и 40-годишен маж од Кочани. Има и 18 деца помлади од 9 години со коронавирус во земјава, но тие се во стабилна состојба и со лесна клиничка слика.

Од денеска, лицата повозрасни од 67 години ќе може да излегуваат надвор од своите домови само од 10 до 12 часот, од понеделник до петок, а помладите од 18 години во работните денови само од 13 до 15 часот. Логиката на оваа мерка е во тоа што младите се најголеми преносители на заразата и е донесена за да се спречи тие да бидат во непосредна комуникација со повозрасните и да ги изложат на ризик.

На јавни места секој ќе треба да се движи сам, освен ако се работи за родител со свои деца помлади од 14 години.

Од втори до петти април Државниот санитарен и здравствен инспекторат направил 66 вонредни инспекции на медицинските установи и утврдил дека главно се почитуваат мерките за лична здравствена заштита на здравствените работници. Директорката на ДСЗИ Иринка Бухова рече дека се воведени протоколи за заштита на здравствените работници и ако не се почитуваат, ќе следуваат казни.

- Ковид-19 нè исправи пред предизвик на столетието. Секој од нас, доктор, сестра, медицински техничар, лаборант, се неопходни, безусловно потребни и исправени пред предизвик. Со носење на средствата на самозаштита, се штитите себеси и најблиските - рече Бухова.

Во Охрид, на Инфективното одделение има тројца лекари, двајца специјализанти и капацитет за сместување од 20 пациенти со коронавирус. За шест лица на ова одделение се чекаат резултати од тестот за утврдување ковид-19. Согласно со препораките на Министерството за здравство, полесните случаи пациенти позитивни на ковид-19 се третираат на Инфективното одделение во Охрид, додека потешките се упатуваат во регионалниот центар во Битола.

Во болницата во Охрид се испразнети одделенијата за геријатрија и кожни заболувања, резервирани за сместување пациенти со сомнителна клиничка слика односно со симптоми на ковид-19, а без потврдена дијагноза.

## Сите тестови за коронавирус во земјава се регистрирани

Директорката на Агенцијата за лекови и медицински средства МАЛМЕД на прашањето на „Слободен печат“ дали во земјава има тестови за коронавирус што не се регистрирани, одговори дека сите се регистрирани.

- Покрај тестовите што служат за одредување на присуството на вирусот во организмот, постојат и тестови кои се имунолошки и кои може да го утврдат присуството на антитела. Едно правно лице има доставено до МАЛМЕД барање за запишување во регистарот и постапката е во тек - рече Риза.

## Почина 80-годишна жена од Штип

• Жена на 80-годишна возраст од Штип почина на Клиниката за инфективни болести во Скопје. Нејзиниот трет тест за коронавирус бил позитивен, а првите два негативни, објави МИА.

По ова, 14 медицински лица од штипското Инфективно одделение се сместени во самоизолација. Петти ден се изолирани двајца лекари, осум медицински сестри и четворица болничари. Директорот на Клиничката болница во Штип, Ален Ѓеоргиев, за МИА информирал дека на инфективното одделение се лекуваат пет пациенти со коронавирус, а за четворица се чекаат резултати.

## Светски ден на здравјето.

### Стево Пендаровски: Да им помогнеме на лекарите

• Тие се на првата линија во спречувањето на епидемијата и го ризикуваат своето здравје за да го заштитат нашето. Затоа, да ги почитуваме препораките и да им помогнеме на лекарите. Само заедно можеме да ја добиеме битката против коронавирусот, се вели во пораката на шефот на државата Стево Пендаровски што ја испрати по повод Светскиот ден на здравјето.

Тој уште еднаш ги повика граѓаните да бидат одговорни и дисциплинирани.

- Со стотици илјади смртни случаи во целиот светот, вирусот ковид-19 сè уште претставува глобална закана по сечиј живот. На денешниот Светски ден на здравјето уште еднаш повикувам да бидеме одговорни и да бидеме дисциплинирани. Од секој од нас зависи дали ќе има потреба и натаму да се заоструваат мерките за заштита. Од секој од нас зависи до кога ќе биде неопходен полицискиот час или вонредната состојба - истакнува во својата порака претседателот Пендаровски.

### Венко Филипче: Лекарите се столб на здравствениот систем

• Вие сте столб на здравствениот систем. Вие сте први на удар на вирусот и мора да се штитите. Грижете се за себе, за да можете да и натаму да се грижите за пациентите, се вели во честитката на министерот за здравство Венко Филипче до сите здравствени работници во земјава.

„Во оваа битка вие сте хероите. Вашиот труд и пожртвуваност спасуваат животи и токму заради вас луѓето веруваат дека ќе бидат безбедни и здрави. Сега, здравството и здравствените работници се клучниот столб во државата. Знам дека во моментот носите огромен товар. Заморот полека сите нè стигнува, а нè чекаат уште тешки денови. Но, верувам дека секој од вас знае колку е важно да издржиме, да останеме посветени, концентрирани и да дадеме се од себе да им помогнеме на нашите сограѓани", се вели во честитката на Филипче по повод 7 април, Светскиот ден на здравјето.

## Државен пазарен инспекторат.

### Затворени 48 угостителски објекти и запечатени 215 кафемати

• Поради непочитување на владините мерки за заштита од коронавирусот, инспекторите од шест инспекторати затвориле 48 угостителски објект во повеќе градови и населени места и запечатиле 215 кафемати за време на контролата што ја направиле од 2 до 5 април.

Претседателката на Инспекцискиот совет Магдалена Филиповска-Грашкоска, информираше дека биле направени вкупно 3.908 надзори од инспекторите.

- Општата констатација е дека поголемиот дел од субјектите ги почитуваат владините мерки за превенција од коронавирусот, но, за жал, еден дел од угостителските објекти, посебно во руралните средини, продолжуваат да ги прекршуваат владините мерки – рече Филиповска-Грашкоска.

Најголем дел од вкупно 3.233 контроли спроведени од Државниот пазарен инспекторат се однесуваат на работењето на угостителските објекти. Инспекторите изминатата недела интензивно ги контролирале и кафематите на бензинските пумпи и на други локации по градовите и при тоа се забранети за употреба над 215 кафемати.

**Образование** Се бара чаре во вонредни услови

# Решението за матурантите сè уште не е созреано

**Во Министерството се разгледуваат неколку предлози од Државниот испитен центар како можни решенија за полагањето на државната матура во вонредна состојба со прекинат наставен процес во училиштата.**

**Соња Христовска Угриновска**

Околу 15.000 матуранти се во исчекување дали и кога оваа учебна година ќе полагаат државна матура, процес за кој се пропишани прецизни рокови и серија постапки. Од Министерството за образование и наука за „Слободен печат" велат дека разгледуваат повеќе опции, но одлуката сè уште не е донесена. Неизвесно е и кога ќе се одржи уписот на првачињата, кој законски се врши во текот на мај.

### Има време и за уписи до септември

Според правилникот, државната матура се полага во два испитни рока, во јуни и во август. Сите кандидати во државата ги полагаат екстерните испити на ист датум и во исто време, што поради пандемијата со коронавирусот и вонредната состојба годинава веројатно нема да биде можно во јуни. Минатата седмица министерот за образование Арбер Адеми најави дека можно решение за матурантите е првиот испитен рок да се одложи за во јули.

- Во моментот се разгледуваат неколку предлози од Државниот испитен центар како надлежна институција за спроведување на државната матура, но сè уште не е одлучено како овој процес ќе се реализира за оваа тековна учебна 2019/2020 година. Конечната одлука ќе ја донесеме во следните денови и таа ќе биде заснована на најдобриот интерес на учениците, а јавноста и засегнатите ќе бидат соодветно и навремено информирани - информираат од МОН.

Според календарот за организација на оваа учебна година, матурските испити требаше да почнат од 30 мај во 10 часот, за кога е закажан екстерниот испит по македонски јазик и литература. Странските јазици треба да се полагаат на 11 јуни, предметите хемија, физика, биологија, историја, филозофија и социологија на 13 јуни, а математика на 15 јуни. Подготвителната настава требаше да се одржи од 20 до 26 мај.

Во врска со уписот на првачињата во деветолетките, од МОН велат дека ако има потреба, процесот „ќе биде одложен за малку подоцна". Оваа година треба да се запишат децата што се родени во 2014 година.

- Новата учебна година започнува во септември, така што има доволно време за упис. Оваа пролонгирање на роковите важи и за уписот во средните училишта - велат од Министерството.

### Учениците не сакаат откажување на матурата

Сојузот на средношколци на Македонија вчера соопшти дека на никаков начин нема да поддржи откажување на Државната матура за оваа учебна година, без понудено алтернативно решение.

„Без документот за положена државна матура, нашето школување е невалидно, така што без дипломата на државна матура ќе биде на штета на нашите интереси како ученици. Поинаку кажано, нашето понатамошно универзитетско образование целосно зависи од дипломата на државната матура" - се вели во соопштението на Сојузот на средношколци.

Сојузот смета дека треба да се изнајде алтернативно решение, нешто што ќе ја замени државната матура заради создадената ситуација, по пример на некои соседни и европските држави. „Италија го откажала тестот за државната матура, но излегла со алтернативно решение. Оценката што ќе им се напише на документите на средното образование ќе биде просечната оценка во последните 4 години на средното образование. Ваквата алтернативна метода ќе се приспособи и во неколку други држави, кои во нивниот образовен систем имаат државна матура.

Албанија не ја откажа државната матура, но излезе со решение изгубените наставни единици во текот на овој период да не бидат вклучени во тестот за државната матура. Ова се некои од привремените решенија, кои можат да се понудат во кризата, не само во нашата земја туку и во целиот свет" - се вели во соопштението на Сојузот.

Организацијата на учениците ќе инсистира, заедно со претставници на Министерството за образование и наука, да се изнајде решение за државната матура, а притоа, како што се вели во соопштението, да се подигне и квалитетот на образованието.



↑ **Оваа година македонските матуранти ќе останат и без традиционалниот танц квадрил**

### Се ближи првото оценување од наставата на далечина

• Деновиве се очекуваат и првите оценки за успехот што го постигнале учениците, кои речиси цел месец учат од дома, при што наставата се одвива со импровизации. Бирото за развој на образованието неодамна издаде упатство за наставниците за тестирање и оценување, во кое се препорачуваат повеќе методи, како есејски прашања, изработка на проекти, постери и истражувачки задачи, мултимедијални презентации, тестови на знаења и контролни вежби.

Дел од наставниците сметаат дека успехот од наставата за време на вонредната состојба треба да се оценува само описно, без бројни оценки и да не се пресметува во крајниот успех. Исто така, тие реагираат и на обврската да водат електронски дневник, со објаснување дека се преоптоварени, но од Бирото за развој на образованието велат дека водењето на е-дневник е задолжително.

# Трибина

Наместо Синдикатот на административците да се солидаризира и да рипне – дај да ги спасиме овие што прават пари и за нас и за тие што треба да нè лечат, да нè чуваат и да нè хранат - тие најсебично се побунија: „дајте ни ги и тие пари што немате услови да ги заработите!“.

**Горан Михајловски**

ТОП TWEET



**Ѕвездан Георгиевски**
Првиот апологетски филм, роман, расказ, што да е... кој ќе го опишува ова време ќе се вика „Херојот што ја преспа епидемијата“



**Александар Манасиев**
Давам 10 денари секој ден само да не пропаднат банките, ако треба и телефон за донации ќе отвориме.



**Иво Антов**
Си го скративме животот за да го продолжиме.

**Избор колумни.**

## Останете здрави и живи, после ќе му ја мислиме за изборите!



**Сашо Ордоноски**
Цивил медија

Вчерашната прес-конференција на Владата, со која се објави подигнувањето на нивото на рестрикциите во движењето на територијата на целата земја, и реакциите по неа, ме потсетија на една прочуена изјава на Роналд Реган, 40-тиот американски претседател, иконата на тврдиот американски конзервативизам. Имено, во 1986 година, критикувајќи ги обидите за мешање на власта во слободата на пазарната економија, на една своја прес-конференција Реган ги дефинираше „деветте најстрашни зборови во англискиот јазик“: “I’m from the government, and I’m here to help” („Јас сум од владата и тука сум за да помогнам“).

Контекстот е поинаков, но кај еден дел од македонската јавност односот кон власта кога таа најавува дека е „тука за да ни помогне“ се доживува токму како некое заканувачко мешање во нашите права и слободи, дури и кога се работи за заштита на масовното здравје.

Мешани се причините за негативните реакции на најавените мерки: некои (особено помладите) мислат дека, општо земено, се „посилни од судбината“ и дека целава приказна со светскава смртоносна пандемија се однесува на сите, само не на нив; други велат дека власта е неефикасна во фаќањето и казнувањето на оние што ги кршат поблагите правила, па заради таа нејзина неспособност сега треба „сите да се казнат“, иако за таква драстични мерки немало потреба; трети, пак, ги интересира и другото, а не само здравственото преживување: „ќе испоцркаме за леб“ е сентенцата со која бараат да се прифати ризикот од поширока зараза, макар по цена на неколку стотици (или илјадници?) мртви од таа зараза, наспроти ризикот од економска пропаст...

Има и такви, блажени езекилијанци, кои повеќе веруваат во Господ, отколку во здравствените експерти, одамна протерани од Градината на Еден (во народот попозната и под техничкиот термин - рај) токму поради тоа што лекарите имаат гризнато од „јаболкото“ на медицинското знаење и мудрост. Нема ни корона ни владини мерки што ваквите можат да ги спречат за Велигден да стапнат чекор поблизу до средбата со Севишниот!

Најподмолните се, сепак, оние со политичка агенда, кои не престануваат да произведуваат секојдневни лаги и манипулации, иако будното око на јавноста ги „лови“ уште во моментот кога ги изговараат. Вчера, на пример, портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ Наум Стоилковски запенавено тврдеше дека сме „држава со најголем процент заболен медицински персонал од корона“, иако не е тешко да се провери, ако се сака, дека, напротив, во таа неславна статистика, Македонија, сè уште, процентуално спаѓа во „просекот“ од државите со заболен медицински персонал. Кога вака безочно лажат и шират паника портпароли и нивните партиски претседатели, што ли остана за обичното партиско членство распослано по социјалните мрежи?!

> Да останеме сите здрави и живи, макар и незадоволни или уплашени, а секако осиромашени, па после да му ја мислиме за изборното гласање? Оти, сè некако ми се чини дека и наредните избори ќе ги одлучи огромниот број на оние што сега молчат, а на кои здравјето им е првата и најважна грижа.

Во целата „бонанца“ на реакции и контрареакции, забележлива е една, речиси, константа: оние кои се, по функција, надлежни за зачувување на здравјето на нацијата (здравствените власти, на чело со најодговорните епидемиолози, министрите, градоначалниците, па и голем дел од медиумите) бараат строги и построги мерки; наспроти слободоумните здравствени аматери, помешани со оние со други проблематични агенди, кои се сомневаат дека власта ја практикува Региновата лажна парадигма дека е „тука за да ви помогне“. Дури, повеќе претставници (и добронамерни) на вториве не се воздржуваат да им порачаат на првите дека, кога ќе дојдат следните избори, гласачки ќе им се „одмаздат“ за ова еднонеделно заострено ограничување на демократските идеали за слободно движење, собирање и економско приходување.

Ајде вака: да останеме сите здрави и живи, макар и незадоволни или уплашени, а секако осиромашени, па после да му ја мислиме за изборното гласање? Оти, сè некако ми се чини дека и наредните избори ќе ги одлучи огромниот број на оние што сега молчат, а на кои здравјето им е првата и најважна грижа.



**Став.**



↓ **Божидар Божиновски**

## Сега стигна за наплата сметката од последните 30 години

Сега во животи ќе се плаќа она што оставивме да ни го прават партиите од осамостојувањето навака. Процентуално гледано, во Македонија од короната има многу мртви во соодност со излечени. И еден е премногу, но сепак...

Ова се резултати на 30 години занемарување на здравството, 30 години пљачка со приватизација, градење споменици и други глупости, 30 години невложување во болници, во кадар кој си замина и само најупорните останаа овде, 30 години систематско уништување.

Во овој случај не е само здравството. Нè уништија на секое поле. Над 99 отсто од мртвите во Италија од корона имале барем една друга хронична болест. Без историја на болести биле само 0,8 % (истражувањето е на италијанското министерство за здравство и објавено во Блумберг).

За профит носеа ѓубре од цела Европа, живееме во најзагадени градови. За профит платите беа најниски во Европа, стресот за преживување огромен. Пуштаа извршители, пуштаа банки, камати, нè навлекоа на апчиња за смирување.

Нè разболеа од немаштија, од стрес, од секирации, од нечист воздух, загадена вода, нездрава храна, недоволно сон, паралелен увоз на лекови. Нè разболеа, сега тие болести ќе го земат цехот во животи. Шансите за преживување се многу помали со хронични болести...

Шансите дека имате хронична болест од самиот живот овде се огромни.

За да се подобри здравствениот систем сега е касно, затоа седете дома, мијте раце и држете се до правилата за превенција.

| ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ |

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 6.4.2020 | **Тираж: 7.200 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ, СРЃАН ИВАНОВИЌ, МИТКО БИЛЈАНОСКИ, КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА, ВИОЛЕТА КОСТОВСКА, ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

# Танц со вирусот, но и со фискалната и монетарната политика



Руди Лазаревски



Светот околу нас никогаш веќе нема да биде ист. За еден месец бројката на болни од 100 илјади достигна 1 милион глобално. САД за две недели изгуби 8 милиони работни места and counting. Италија покрај здравствениот колапс, се соочува со неизбежен фискален и економски колапс. Колапсот на хуманите вредности е без преседан. Според сериозни проценки, Италија губи месечно цели 90 милијарди долари или евра, сеедно. Прашање е дали може да помогне и цела Лагардова флота на хеликоптери со печатени пари. Затоа што третата економија во ЕУ уште оди надолу, без изгледи за скоро запирање. А кога ќе запре, треба да се ресетира пред сѐ умот на поединецот да дојде во нормала, пред секое рестартирање на фискалниот и економскиот баланс. Сериозно е загрозен опстанокот на Унијата.

Цената на нафтените деривати стрмоглаво паѓа. Познавачи велат има изгледи да застане на 10 долари за барел во скора иднина. На таа цена по барел, се распадна Советскиот Сојуз. Да не зборуваме за земјите како Иран, Венецуела, Ирак, кои зависат исклучиво од тој државен приход. Тоа води кон хаос, распад, тероризам... Светот никогаш веќе нема да биде ист.

## Ние

Ние си живееме во нашиот локален микро свет, од Богородица до Табановце. И се зае*аваме. Танцуваме со вирусот, што е веројатно добра политика, претпоставувам. Но, танцуваме и со фискалната и монетарната политика. Владата и сите околу неа, прават проекции за два-три месеци. Небаре, владата ќе донесе уредба на 31 мај и ќе ја укине епидемијата. Па така, граѓаните од 1 јуни ќе можат да одат на Халкидики. И веројатно ќе се сончаме со маски на лицето и ракавици на рацете. Затоа што Кина прогласи искоренување на епидемијата кај нив, ама уште не можете да видите лице без маска.

Сите ги чекаме фамозните 600 милиони од еврообврзницата за да продолжиме среќно да си живееме во нашиот локален микро свет. Што велат бројките? Пред сѐ, секоја сериозна проекција за 3-4 месеци е несериозна. Дали требало од март до крајот на мај е смешно губење време и играње политикантство со евентуалните избори. Је*о вас избори. Сериозно проицирано сценарио или сценарија во конкретниов случај имаат кредибилитет најмалку до крајот на годината. Најмалку. А понатаму ќе видиме.

> Неликвидноста е неизбежна. Со сите споменати пари од корона-обврзницата и сите очекувани помоши не се доволни да се избегне парализата на буџетската сметка ако продолжиме да „танцуваме“ со потребните мерки.

Како што стојат работите, неликвидноста е неизбежна. Со сите споменати пари од корона-обврзницата и сите очекувани помоши не се доволни да се избегне парализата на буџетската сметка ако продолжиме да „танцуваме“ со потребните мерки. Во оваа мала држава има многу паметни кои веќе 30 години везден се во медиумите и дебатните емисии. И сервираат паметни мисли. Само што во 21 век веќе не е доволно да си паметен, туку паметта треба да ти дојде на време. А Владата која вонредната состојба ја претвори во вонредна демократија, ги слуша само овие вечно паметни сервисери кои сервираат "паметни" мисли. А всушност ги сервираат своите лични интереси, с'клети и лажните величини.

## Италијанско сценарио

Според големината на нашата држава, веројатно италијанското сценарио би тропнало на нашата врата доколку за едем месец би имале меѓу 2.000 и 10.000 болни од вирусот. Тоа е некаде до крајот на април. Ова е само моја претпоставка, која ниту еден вечно паметен и храбар не може да ја оспори. Слободно нека проба.

Што велат бројките? Двата сета на мерки се генерално добри, но не и доволни. Затоа што, освен исплата на минималната плата за погодените сектори, сѐ друго се претежно non-cash мерки.

Проблемот е, пред сѐ, неликвидноста на буџетот и негово парализирање до крајот на годината. Исплатата на минималната плата на 250.000 погодени вработени ќе одлее приближно 540 милиони евра од буџетот за следните девет месеци. Лесно се пресметува. Од каде? Овие погодени сектори нема да создаваат нова вредност, односно нема да генерираат приходи во буџетот. Истовремено, службеничкиот сектор го иземате од какви било мерки. Во тој случај, буџетот е обврзан да исплати за следните девет месеци 375 милиони евра за плати и надоместоци на службениците. Од каде? Само за овие две ставки потребни се речиси две корона-обврзници.

Основната поента на дрското бранење на буџетот е да направите прераспределба на истата количина пари кои во моментот ги немате, а се надевате дека ќе ги имате. Заштедата би била сигурно поголема ако конечно се разбереме дека службеничкиот сектор не е само администрацијата, како што сметаат некои вездени паметни, од околу 100.000 луѓе. Па со молив и на ливче хартија сметаат дека заштедата за два месеца би била занемарлива од некои 30-40 милиони евра вкупно доколку се сведе на минимална плата. Службеничкиот сектор е составен од луѓе кои примаат и еден денар од буџетот! Тоа значи, од фактичката администрација, преку јавните претпријатија, па сѐ до државниот универзитет и македонската академија! Сите се на расходната страна на буџетот. Нормално, во вакви вонредни состојби се иземаат медицинскиот персонал, оперативниот дел од полицијата и војската. Дури задолжително е потребно значително зголемување на нивните примања.

Ние се зае*аваме. Како во најдлабоките времиња на социјализмот. Ги дисциплинираме избраните лица со минимална плата и со ефект од 4-5 милиони евра. И веројатно влеговме во трагично-смешен филм во кој претседателот на државата има минимална плата, а неговата техничка секретарка има трипати по толку.

На крајот еден мал совет до владата во вонредна состојба. И покрај зголеменото ниво на општествена одговорност кај банките и фирмите, сепак, и за секој случај нека донесе Уредба со која однапред ги информира банките и компаниите доколку исплатат дивиденда, бонуси или слично до крајот на годината, ќе мора да платат данок на дивиденда од, на пример, по стапка од 89,99 проценти. Ние не сме Данска или Шведска да ја почитуваме изјавата за општествена одговорност. Веројатно ќе видиме и отпуштање вработени, но истовремено и исплата на дивиденди. Ние сме махери за пирамиди со лесни пари.

# Четири приоритети за Глобална стратегија за пандемијата



**Џозеф Борел**
Проџект синдикејт
(преземено од „Окно“)

Во Европа се забележува острит контраст помеѓу тивките улици и плоштади и болната реалност во болниците, која е трогателна. Вирусот ја зграпчи силно не само Европа туку и целиот свет. Веќе е јасно дека оваа пандемија ќе го постави светот на нови основи, но како тоа ќе изгледа, ќе зависи од одлуките што ги донесуваме денес.

Светот треба да го гледа коронавирусот како заеднички непријател. Иако ова не е војна, нам секако ни е потребна мобилизација на ресурсите како во воени услови. Притоа, во време на криза, инстинктот нѐ тера да се свртиме кон самите себе и да се заштитиме. Ваквата реакција, иако разбирлива, е дефетистичка за нас самите. Самостојното настапување ќе значи сѐ освен гаранција дека борбата ќе трае доволно долго, а ќе доведе и до тоа човечките и економски трошоци да бидат значително поголеми. Иако овој непријател покрена и националистички реакции, ние можеме да го поразиме само со прекугранична соработка - на ниво на Европа и пошироко. Потребен е заеднички меѓународен пристап кон пандемијата, да им помагаме на најранливите, и тоа не само на оние од земјите на развој и во подрачјата во кои има судири. Оваа поента ја иницирав на последните разговори со министрите за надворешни работи на земјите од Г-7, и со многу други. ЕУ мора да биде и ќе биде дел од напорите.

> Прво, мораме да ги обединиме ресурсите за производство на нови лекарства и вакцина. Второ, да се ограничи економската штета со координирани фискални и монетарни стимулативни мерки и со заштита на меѓународната трговија со стоки. Трето, координирано отворање на границите секогаш кога здравствените власти ќе дадат зелено светло, и четврто - соработка во борбата против дезинформации.

Сега е време да покажеме дека солидарноста не е празна фраза. За среќа, ова веќе може да се види во Европа – Франција и Австрија испраќаат повеќе од три милиони маски на Италија, а Германија прифаќа и лекува пациенти од Франција и Италија. По првата фаза на различни одлуки на секоја од државите, сега влегуваме во фаза на усогласеност, во која централното место го има ЕУ. Во таа смисла, се прават засилени чекори за олеснување на заедничката набавка на основна медицинска опрема, за заеднички економски мерки и координирани конзуларни напори за репатријација на „заглавените“ граѓани на ЕУ. По виртуелниот состанок на Европскиот совет, лидерите на ЕУ се согласија да ги интензивираат своите заеднички напори, во најмала рака преку развивање на европски систем за управување со кризи и заедничка стратегија за справување со коронавирусот. Кризата со коронавирусот не е битка помеѓу држави или системи. Во разни фази од пандемијата бевме сведоци на реципрочна помош помеѓу Европа, Кина и другите, демонстрирајќи заемна помош и солидарност. ЕУ ѝ помогна на Кина кога започна епидемијата на почетокот од годинава, а сега Кина испраќа опрема и лекари како помош на засегнатите земји од целиот свет. Ова се конкретни примери за меѓународна солидарност и соработка

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СТАВ



Мухамед Халили

# Меѓу неодлучноста и вербата во себе

Кога во декември минатата година се појави веста дека во еден „мал“ кинески град од 12 милиони жители Вухан се појави еден непознат вид грип, никој не помислуваше дека еден ден целата светска популација ќе стане жртва на еден непознат и невидлив вирус што брзо се шири од човек до човек. Брзината на ширењето на непознатиот вирус низ цела Кина и излегувањето на сцена на д-р Ли Венлианг, еден млад 34-годишен кинески доктор (неколку денови по појавата на новиот вирус), кој на социјалните мрежи се обиде да ги убедува своите колеги дека оваа појава на болест премногу личи на сарс, веста ми асоцираше на напорите на д-р Бернар Рие од романот „Чума“ на Албер Ками, претставникот на апсурдот во книжевноста .

За жал, двајцата доктори веќе не се живи. Првиот, д-р Ли, не успеа да ја преживее епидемијата слична на сарс и мерс, како што заклучил тој, и откако бил опоменат од полицијата дека „шири лажни вести и паника“, се наврати на својата хумана задача - да ги спасува заболените лица за да подоцна стане синоним на хуманост и пожртвуваност и нивен херој. Имагинарниот лекар на Ками, д-р Рие, ја преживеа епидемијата и стана нејзин лекар и хроничар, заедно со историчарот Тару. И тој веќе не е жив. Доктор Рие виртуелно се борел против вирусот на чума, кој го зафатил Оран, еден обичен алжирски медитерански град, тоа време центар на француската администрација. Во суштина, имагинарниот д-р Рие е раскажувач, лекар и хроничар на една вистинска чума во Оран, во 1817 година, иако авторот наведува дека дејството во романот се случила во 1940 и некоја... И двајцата имале ист предизвик: се соочија извесно време со непознатите и невидливи вируси, за кои знаеја дека се нешто ново и непознато, но беа безимени вируси. Подоцна им најдоа имиња: чума и нешто што личи на сарс, подоцна ковид-19. Но, за д-р Ли тоа беше кобно!

## Чумата ни умира ни исчезнува

Градоначалникот на Њујорк, резигнирано, по убедливо најголемиот број жртви од вирусот, изјави дека погрешиле што не ја сфатиле сериозно работата. Луѓето не му веруваат на злото, вели Ками, затоа што мислат дека тоа брзо ќе помине, дека тоа е еден лош сон што брзо ќе мине, но од еден лош сон до друг лош сон, луѓето се тие што поминуваат, во прв ред хуманистите, затоа што не ги презеле нивните мерки, продолжува авторот. Глупоста е секогаш настојчива, и таа ќе се забележи само ако луѓето не мислат секогаш на себе. Сограѓаните на Рие во тој поглед беа како сите, вели Ками: тие мислеа на себе, поинаку кажано, беа хуманисти и не му верувaa на злото.

Кристин фон дер Лајен, европска комесарка, овие денови им се извини на Италијанците. „Премногу бевме затворени во сопствените граници и не мислевме пошироко за другите. Но, ви гарантирам дека од денес и понатаму и вие ќе бидете наша заедничка грижа“, им се обрати таа со јавно извинување. Но, сепак кај нив остана чувството на гнев кон изразениот претеран егоизам.

Откако д-р Филипче почна секој ден да се појавува во прес-центарот, известувајќи за текот на злото, за инфицираните и умрените лица, опозицијата не можеше веќе да издржи: на кого личи Филипче? На доктор Рие кој треба да ги лекува пациентите, на историчарот и хроничарот Тару, или на новинарот Рамбер? Сепак, д-р Филипче е на висина на неговите задачи со неговата крајна одговорност, педантност и способност во вршењето на неговите работи. Но, тој и сите лекари што се наоѓаат на должност, бара и ние граѓаните, потенцијални идни жртви на вирусот, да му помогнеме: да ги почитуваме мерките на СЗО, да останеме дома, да си помогнеме себеси, на нашите семејства и да покажеме доза на хуманизам кон немоќните, сиромашните. Секој да ја заврши добро својата работа, пишува Ками.

## Дератизација на две улици наместо дезинфекција

Еве, ќе ви покажам некои примери како не треба да се врши работата. Градоначалничката на Тетово преку медиумите ни соопшти дека градот успешно се бори против коронавирусот. Службите, вели пресот, ја дератизирале улицата на бутиците и сите шахти низ истата улица. Како стаорците да се криjат во шахти под кои тече вода. И целата нејзина ангажираност во борбата против коронавирусот се сведе на дератизација на две улици, а не на перманентна дезинфекција на целата општина. А Тетово не е мала општина: сите имаат право на живот, а не само жителите на две улици! Сигурно градоначалничката помислила на епидемијата на чума, опишана од Ками, а не на тој вирус сличен на сарс, на што се сомневаше д-р Ли.

Некои лидери на политички партии не беа спремни да ги отстапат парите на сиромашните кои ги земаат од џебот на граѓаните во полза на нивните политички и изборни активности. Тие можеби не ги гледале сцените, во кои група Роми од една скопска населба наместо да се самоизолираат од коронавирусот, ги чуваат контејнерите да не ги зема службата за одржување на хигиената, оти од нив секојдневно земале храна од која зависел нивниот секојдневен опстанок. Можеби не ги сакаат нивните „сиромашни“ гласови. Не, не, не верувам во тоа.

За жал, во овие тешки времиња некои политичари се занимавале и со „вирусни патриотизам“: на короната не ѝ се обративме мултилингвално, согласно со законот за јазици! Не е важно што немаме доволно респиратори, дури и маски кои можевме и самите да ги шиеме!

Банкарите, и покрај нивната мала солидарност, побрзаа да ги поделат дивидендите и да ги пресметаат каматите на одложените рати на нивните клиенти. Некои високи функционери, само од срам кон другите и ништо друго, прифатија редукција на нивните плати, а не и на другите привилегии.

Сепак, за среќа, уште има луѓе што мислат на солидарност со немоќните, сиромашните, и се докажале на дело во овие кризни времиња. Тие не се во мал број. Тогаш кога ќе поминат овие тешки денови, сигурно ќе се сетиме на хуманоста на лекарите што ги оставија нивните сакани деца, татковци, мајки, браќа и сестри и отидоа на здравствениот фронт да спасуваат животи. Ќе се сеќаваме и на полицајците што ноќум бдееле пред нашите врати да ни го чуваат нашето здравје. И сигурно ќе им покажеме една голема благодарност!

**Д-р Филипче е на висина на неговите задачи со неговата крајна одговорност, педантност и способност во вршењето на неговите работи. Но, тој и сите лекари што се наоѓаат на должност, бара и ние граѓаните, потенцијални идни жртви на вирусот, да му помогнеме: да ги почитуваме мерките на СЗО, да останеме дома, да си помогнеме себеси, на нашите семејства и да покажеме доза на хуманизам кон немоќните, сиромашните.**



и тие треба да станат норма.

За коронавирусот можеме да кажеме дека ги забрзува историските случувања. Без разлика за какви промени да станува збор, ЕУ мора да остане обединувачки фактори и да ги промовира заеднички напори со Кина и САД за справување со пандемијата и со нејзините последици. Само ако се постигне усогласеност во напорите на овие три велесили, ќе можеме да кажеме дека Г-20 и Обединетите нации направиле вистинска разлика. Меѓународната соработка помеѓу државите, соработката помеѓу научниците, економистите и креаторите на политики, исто така, треба да се забрза. Во екот на финансиската криза во 2008 година, земјите од Г-20 имаа одлучувачка улога во спасувањето на светската економија. Сега постои итна потреба од глобално лидерство.

Постојат четири главни приоритети кога се зборува за меѓународната соработка. Прво, мораме да ги обединиме ресурсите за производство на нови лекарства и вакцина, кои треба да се сметаат за глобално јавно добро. Второ, неопходно е да ја ограничиме економската штета така што ќе ги координираме фискални и монетарни стимулативни мерки и ќе ја заштитиме меѓународната трговија со стоки. Трето, треба да планираме повторно да ги отвориме границите на координиран начин, секогаш кога здравствените власти ќе дадат зелено светло за тоа. Четврто, мора да соработуваме во борбата против дезинформации.

Резултатот од неодамнешниот виртуелен самит на лидерите на Г-20 укажува движење во оваа насока, но глобалните и мултилатерални иницијативи треба да бидат поттикнати и целосно да бидат имплементирани во претстојните денови и недели. Како што вирусот ќе се проширува на глобално ниво, ќе биде неопходно да посветиме особено внимание на неговото сè поголемо влијание врз кревките држави, каде се заканува да прерасне во безбедносна криза. Милиони луѓе во Сирија, Јемен, Газа и Авганистан веќе многу години се жртви на конфликти. Замислете што би се случило ако коронавирусот се појави во бегалски кампови каде здравствените можности се веќе на критично ниво, а хуманитарните работници веќе имаат проблем да дадат помош. Да ја спомнеме и Африка, која е од огромна важност. Поради епидемијата на ебола во 2014-2016 година (и поради други епидемии), земјите од Африка го имаат искуството кое на Европа ѝ недостасува во време на оваа криза. Притоа, системите за здравствена заштита на овој континент, генерално, се слаби, а бројот на заразени се зголемува. Во голем број земји во развој, многу луѓе најчесто и немаат избор освен секојдневно да се на отворено и да заработуваат за живот од неформалната економија. Уште полошо, миењето рацете и социјалното дистанцирање се нешта кои е многу потешко да се остварат во овие земји затоа што не секаде и секогаш има вода за санитарни потреби, а семејствата живеат во тесни простории.

Ова е битка за која ни е потребно финансирање за ја добиеме. Земјите во развој суштински зависат од следниве извори на финансирање: странски инвестиции, дознаки и туризам. Сепак, сите три се сега интензивно погодени од ситуацијата. На глобално ниво, протокот на капитал драстично се намали затоа што инвеститорите „бегаат“ на побезбедни места, а работниците - мигранти ги губат работните места и поради тоа не се во можност да испраќаат пари дома. Се соочуваме со глобална рецесија - за да се избегне економски крах во земјите во земјите во развој, ќе бидат потребни значителни кредитни линии и финансиска поддршка, и тоа што е можно поскоро. Единствена исправна насока сега е координацијата помеѓу централните банки и меѓународните финансиски институции.

Светот првично се соочи со кризата предизвикана од коронавирусот на некоординиран начин, при што огромен број држави едноставно ги игнорираа предупредувањата и настапуваа самостојно. Сега е јасно дека единствен излез е заедничката соработка.

**(Авторот е висок претставник на ЕУ за надворешни односи и безбедносни политики и заменик-претседател на Европската комисија.)**

# Економија

**Курсна листа** 7.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 | GBP | 1 | 68.550 | 71.200 |
| USD | 1 | 55.600 | 58.150 | CAD | 1 | 39.500 | 41.500 |
| CHF | 1 | 57.250 | 59.400 | AUD | 1 | 33.900 | 35.800 |

**Земјоделство** Раноградинарските култури стигнуваат до купувачите

## Зеленчукот се извезува без проблеми, земјоделците ги мачи цената на зелката

**Цената на зелката е 10 денари за килограм на големо, иако минатата недела Министерството за земјоделство објави дека договориле гарантирана минимална цена од 15 денари за килограм и дека инспекторите ќе контролираат да нема манипулации**

**Весна Дамчевска**

Во полн ек е бербата на зелката, но стасуваат и првите количини на раноградинарски култури. Земјоделците велат дека немаат проблем со пласманот и дека првичниот проблем со извозот поради транспортот е надминат. Но сега, нивен најголем проблем е цената на зелката.

Претседателот на Синдикатот на земјоделци - Струмица, Ристо Велков, вели дека пролетната зелка од Македонија секојдневно се извезува во Босна, Романија, Русија и во други држави, но дека цената е само 10 денари за еден килограм.

- Оваа цена не ги покрива ниту нашите трошоци. Но, тоа е така затоа што Министерството за земјоделство преговараше со трговците за цената, и тоа без наше присуство. Сè додека се води земјоделството без да се слушаат земјоделците, ќе има проблеми – вели Велков.

На 31 март, пак, Министерството за земјоделство објави дека откупната цена на зелката до 20 април ќе биде минимум 15 денари за килограм и дека таков договор бил постигнат со откупувачите на зелка.

„Државниот инспекторат за земјоделство, во овој период ќе врши засилени контроли, со цел да нема манипулации со договорената минимална цена", соопшти пред една недела Министерството.

Дека е ниска цена на зелката, се сложува и директорот на откупниот центар „Плодови фруктус", Блажо Витанов, но тој вели дека цената е данок на коронавирусот.

- Цената на зелката не е ниска поради трговците, туку поради односот на понудата и побарувачката. Коронавирусот си го зеде данокот – вели Витанов.

Тој вели дека цените на раноградинарските производи што допрва помасовно ќе почнат да се продаваат, се добри.

- Денешната цена на краставиците на големо е 65 денари, доматите се продаваат по 75-80 денари за еден килограм, а парче луто пиперче е 4 денари . Минатата недела имаше пониски цени на краставиците, сега се добри – вели Витанов.

Тој е задоволен како се одвива транспортот кон странските дестинации, но и поради тоа што повторно се отворија зелените пазари низ државата.



### И во полициски час ќе може да се работи на нива

• Земјоделците ќе можат да ги извршуваат своите работни активности на земјоделските површини и на фармите што се наоѓаат во атарот на селото во кое живеат и во време на забраната за движење, а другите ќе треба да вадат посебна дозвола за движење, информира Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

„Земјоделците, пак, чии земјоделски површини или фарми се наоѓаат надвор од селото во кое живеат и кои треба да патуваат, а имаат работни обврски поврзани со производството, задолжително треба да извадат дозвола за движење. Тоа ќе биде по претходно воспоставениот принцип, преку Подрачните единици на МЗШВ. Досега се издадени 3.491 дозвола за движење на земјоделци заради извршување на работните обврски", соопшти МЗШВ.

**БРОЈКИ**

**0,5**

**проценти инфлација имало во март во однос на периодот пред една година.**

**5**

**проценти е зголемен увозот во првите два месеца од годинава во однос на истиот период лани.**

**4,5**

**Проценти е зголемен извозот во првите два месеца од годинава во однос на истиот период лани.**

**Државен инспекторат за труд:**

## Принудно се делеле договори за работа со скратено време

• Работници биле принудувани да потпишат отказ од работа, за да потоа потпишат нов договор, според кој се вработуваат со скратено работно време, информираше директорот на Трудовиот инспекторат, Аљадин Хавзиу.

– За жал, има неколку такви претставки и се постапува по сите во согласност со законот. Апелирам вработените да внимаваат што потпишуваат. Може да се јават во Трудовата инспекција во секое време, во секоја подрачна единица. Истакнати се броевите на инспекторите и тие се јавуваат на повик и може да ги консултираат. Вработените да не потпишуваат нешто што не знаат и потоа да има последици по нив – порача Хавзиу.

Трудовите инспектори во овие неколку денови спровеле 291 контрола и издале едно решение и 13 укажувања на работодавачите, кои главно не ги почитувале мерките што се однесуваат на платено отсуство за дете до 10 години, за самохран родител, бремени жени и хронични болни.

**Угостителите не ги сакаат парите од мерките**

## 15.000 угостители останаа без работа, ни треба целосна поддршка

**Ние баравме целосна помош од Владата без да нè задолжува во банка за придонеси, кирии и за други трошоци, велат од Групацијата за угостителство.**



Околу 60 отсто од вработените во угостителството, или околу 15.000 вработени веќе се отпуштени, изјавија од Групацијата за угостителство при Сојузот на стопанските комори.

Оттаму велат дека мерките што ги донесе Владата се недоволни и тие нема да ги користат. Според мерките на Владата, можно е да се добие по 14.500 денари за вработен за април и за мај, а придонесите да си ги платат фирмите, или пак, за април, мај и за јуни да се користи мерката – субвенционирање придонеси во висина од 50 отсто, како и да се користат бескаматни кредити.

- Не ги сакаме парите од мерките. Тие пари нека отидат директно кај тие што останаа или што ќе останат без работа. Ние баравме целосна помош од Владата без да нè задолжува во банка за придонеси, кирии и за други трошоци. Помошта не е доволна, затоа што ние не сме погоден сектор, туку со одлука на Влада затворен сектор– рече Мартин Ангеловски од Групацијата за угостителство.

Тој вели дека уште од почетокот на март угостителите имаат проблем, дека овој сектор најрано се затвори и најдоцна ќе се отвори.

Одлука на Советот на Град Скопје

# Поради короната годинава помала фирмарина

**За деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите износот е 4.000 денари.**

Поради пандемијата предизвикана од вирусот ковид-19 и последиците што ги предизвикува врз стопанството, со цел да им се помогне на компаниите да ја пребродат актуелната ситуација, Советот на Град Скопје донесе Одлука за изменување и дополнување на „Одлуката за висината на комуналните такси во Град Скопје“, која важи од 1 јануари 2020 година.

Целта е, како што велат од Град Скопје, да им се помогне на компаниите да ги пребродат нарушувањата предизвикани од коронавирусот.

– Со измените и дополнувањата се врши измена во тарифниот број 1 на Одлуката, односно, се врши намалување на комуналната такса за фирма, како дополнително олеснување на финансиската состојба на таксените обврзници што вршат дејност на територијата на десетте скопски општини – информираат од Градот.

Сите компании што сè уште не извршиле уплата на обврските по основ на комунална такса за тековната 2020 година, треба да ги уплатат согласно со добиените решенија, но со намален износ.

За деловните простории на физичките лица што вршат дејност износот е 1.300 денари, за деловните простории на физичките лица што вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ треба да се плати 350 денари. За деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите износот е 4.000 денари.

За продавници, киосци, деловни единици и слично на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите износот е 2.000 денари. За деловни простории на правни лица од комуналните дејности и за деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови што дејствуваат повремено исто така е предвиден износ од 2.000 денари.

– Во однос на тие обврзници кои веќе извршиле уплата со целосниот износ наведен во решението, укажуваме дека уплатениот износ што ја надминува новоформираната цена за фирмарина ќе се префрли за наредната година или по завршувањето на вонредната состојба, на барање на таксениот обврзник ќе се изврши враќање на дополнителните средства – информираат од Градот.

Оттаму напоменуваат дека во времетраење на вонредната состојба, нема да се постапува по опомените кои се доставени до обврзниците на данок на имот и до обврзниците на комунална такса и нема да се врши присилна наплата на заостанатите неплатени долгови.



**Оттаму напоменуваат дека во времетраење на вонредната состојба, нема да се постапува по опомените кои се доставени до обврзниците на данок на имот и до обврзниците на комунална такса и нема да се врши присилна наплата на заостанатите неплатени долгови**

ЈСП „Скопје“

## Автобусите ќе возат по изменет ред

Од денеска, согласно со одлуката на Владата за забрана за движење на сите граѓани од понеделник до петок од 16 до 5 часот наредниот ден, како и забраната за движење од петок од 16 часот до 5 часот во понеделник, автобусите ќе возат по изменет возен ред, а поинакво работно време ќе имаат и билетарниците и центрите за персонализација.

Од денес до петок јавниот превоз ќе функционира од 5 часот, по саботен возен ред, со исклучок на линиите 9, 19, 20 и 23, кои ќе возат по редуциран делничен возен ред.

Јавниот превоз нема да функционира од петок од 16 часот, до понеделник до 5 часот наутро. Во истиот период нема да работат билетарниците и центрите за персонализација.

ЈП „Водовод и канализација“

## Шалтерите ќе работат од понеделник до петок, од 8 до 15 часот

ЈП „Водовод и канализација“, согласно со препораките и насоките на Владата, воведува измени во работното време. Во Дирекцијата на претпријатието шалтерите за наплата на сметки ќе работат со ново работно време, и тоа од понеделник до петок од 8 до 15 часот.

Оттаму информираат дека теренските активности ќе се одвиваат само во случај на дефект или во специфични ситуации.

Од претпријатието ги повикуваат граѓаните да ја искористат можноста дадена преку електронските сервиси на ЈП „Водовод и канализација“. За полесен и побрз пристап до услугите на претпријатието, на располагање на граѓаните е и мобилна апликација.



– Искористете го вашето време разумно и скенирајте ги QR-кодовите достапни на флаерот доставен со сметките за март 2020 година, кои директно ве водат до мобилната апликација на ЈП „Водовод и канализација“ – Скопје и до електронските сервиси на e.vodovod-skopje.com.mk. Бидете во чекор со времето, пополнете го формуларот достапен на флаерот за електронска достава на вашата фактура - посочуваат од јавното претпријатие.

Ликовно-креативен предизвик за деца




## Плакат и видео за заштитата на планетата од опасен отпад

Друштвото за управување со отпад „Нула отпад“ почнува со ликовно-креативен предизвик за сите деца на предучилишна и училишна возраст. Предизвикот ќе биде отворен до 30 април 2020 година, а следниот ден ќе бидат објавени видеата, кои според бројот на „лајкови“ на социјалните мрежи привлекле најмногу внимание.

– Родителите и децата да го искористат слободното време на еден креативен и интересен начин преку изработка на плакат и негова видеопрезентација на тема „Да ја заштитиме планетата од опасниот отпад – отпадните батерии и електронскиот отпад – Рециклирањето е важно и неопходно!“ – информираат од „Нула отпад“.

Доколку едукативната кампања е успешна и пристигнат минимум 20 видеопораки за креативниот предизвик на следниот e-mail: info@nulaotpad.com.mk, „Нула отпад“, најмоќната еко-порака и видео според бројот на „лајкови“ на социјалните мрежи, ќе ја награди со главна награда лаптоп.

– Се надеваме и на ваша поддршка и споделување на ликовно-креативниот предизвик, да допреме до сите деца, родители и наставници да земат учество и убавите пораки од децата за новата планета и новото време да стигнат до сите и да внесат позитивна енергија во овие тешки денови – соопштуваат од „Нула отпад“.

# Свет

Никогаш повеќе нема да се потпирам на претседателот Трамп, нема да се потпирам на кој било премиер или претседател од која било земја, никогаш повеќе

**Даг Форд**, *премиер на Онтарио*



**Заштитна опрема** Во ситуација на огромна побарувачка

# Глобална војна и пиратски грабежи за секоја маска



**Блокада** Премиерот на Онтарио, Даг Форд, изјави дека испораката на речиси 3 милиони маски „н-95“ за канадската провинција била пресретната од американските власти во фабриката на „3М“ во Јужна Дакота





Американската блокада на договорениот извоз на три милиони заштитни маски за канадската провинција Онтарио е најновата битка во глобалната војна за медицинска опрема, за која се потврди дека ја нема ни оддалеку во доволно количество за да ја задоволи огромната побарувачка во време на пандемија од ковид-19.

Претседателот Доналд Трамп во петокот се повика на Законот за одбранбено производство од 1950 година, давајќи ѝ на својата администрација моќ да ѝ забрани на компанијата „3М“ да извезува маски „н-95“ во Канада и во Латинска Америка. Овие маски, низ кои се филтрираат 95 отсто од сите честички во воздухот, се сметаат за едно од критичните оружја во војната со „невидливиот непријател“, како што многумина светски лидери го нарекоа новиот коронавирус.

Премиерот на Онтарио, Даг Форд, изјави дека испораката на речиси 3 милиони маски „н-95“ била пресретната од американските власти во фабриката на „3М“ во Јужна Дакота.

- Знаеме дека САД не дозволуваат пренесување на овие производи преку границата. Тешката вистина е дека нашите резерви во Онтарио се намалуваат и со зголемувањето на бројот на случаите, потребни ни се уште повеќе – изјави Форд.

Компанијата „3М“ се спротивставила на наредбата од претседателот Трамп, предупредувајќи дека потегот може да предизвика „сериозни хуманитарни импликации“ во земјите на кои очајно им е неопходна заштитна опрема“.

Трамп возврати со контракритика, предупредувајќи ја компанијата дека „ќе плати висока цена“.

- Потребни ни се маските. Не сакаме други луѓе да ги добијат. Ете зошто се повикуваме на Законот за одбранбено производство. Можете да го наречете возвраќање, зашто навистина е возвраќање. Ако луѓето не ни го дадат тоа што ни е потребно за нашите граѓани, ќе одговориме многу цврсто – порача Трамп во неделата.

„3М“ се воздржа од одговор и од изразување намера да продолжи да извезува заштитна медицинска опрема, но објави соопштение дека „ќе продолжи да произведува колку што може повеќе респиратори за херојските здравствени работници во САД и низ светот“.

Од другата страна на границата, онтарискиот премиер Форд изјави дека провинцијата ќе настојува своите потреби за заштитна опрема привремено да ги задоволи од федералните резерви, сè додека не се најде сигурен извор.

Компанија од Квебек неодамна постигна договор со канадските власти да произведе 50 милиони хируршки маски и „н-95“.

- Никогаш повеќе нема да се потпирам на претседателот Трамп, нема да се потпирам на кој било премиер или претседател од која било земја, никогаш повеќе – изјави Форд.

Потегот на Трамп, секако, ги разгневи Канаѓаните, кои го ценат пријателството со својот единствен сосед. Премиерот Џастин Трудо изјави дека владата во Отава нема да наметне одмазднички мерки, туку ќе настојува проблемот да го реши по дипломатски пат.

- Се одвиваат продуктивни разговори и очекуваме овие пратки да бидат испорачани – изјави Трудо. Премиерот додаде дека на решавањето на спорот работат шефовите на дипломатиите, Франсоа-Филип Шампањ и Мајк Помпео. Но, Трудо во исто време го предупреди Вашингтон дека „меѓусоседските односи се улица во две насоки“, посочувајќи на стотиците здравствени работници од Онтарио што секој ден одат да работат во Мичиген во САД. Освен со човечка и стручна сила, Канада им помага на САД со материјали за изработка на заштитна медицинска опрема. Фабриката „Хармак Пасифик“ од Британска Колумбија објави дека нема планови да го запре извозот на ткаенина со медицински карактеристики за фабриките во САД.

Канада е најблискиот, но не и единствениот сојузник на САД

**Американци доаѓаат на пистата во Кина, вадат кеш и плаќаат три или четирипати повеќе од она што ние го договоривме. Мора да се бориме, изјави управник на француски регион**

**Потребни ни се маските. Не сакаме други луѓе да ги добијат. Ете зошто се повикуваме на Законот за одбранбено производство, порача Трамп**

што водат војна за заштитна опрема со администрацијата во Вашингтон. Француските медиуми веќе прогласија „гер дес маск“, а и германски функционери се пожалија на однесувањето на американското раководство. Андреас Гајсел, висок функционер во Берлин, ги обвини САД за „модерно пиратство“ поради тоа што на транзитната точка во Банкок, пратката од 200.000 заштитни маски нарачани за берлинската полиција била префрлена кон САД.

- Ова не е начин за однесување кон вашите трансатлантски партнери. Дури и во времиња на глобална криза, не треба да се спроведува „законот на Дивиот Запад“ - изјави Гајсел.

Француски функционер, пак, ја опиша борбата за секоја маска како „глобална потрага по богатство“. Многу влади се жалат дека цените што се бараат и што се нудат за заштитна опрема веќе се астрономски.

Премиерот Едуар Филип се пожали дека нарачаните материјали не се испорачуваат, поради „огромната побарувачка од САД, Европа и практично од целиот свет“ за маски од Кина. Управници на два француски региона тврдат дека американски купувачи, без да наведат кои, настојувале на кинеските производители да им платат три или четирипати повисока цена од договорената со Франција за да го добијат „памучното богатство“. Рено Муселје од регионот Суд неколкупати изјави дека Американци со готовина откупиле пакет нарачан од Франција и авионот што требало да летне за Франција, завршил во САД.

- Странска земја плати трипати повисока цена за товарот додека беше на пистата. Маските повеќе ги нема – изјави Муселје.

Тоа го потврди и управникот на регионот Гран Ест, Жан Ротнер.

- Секој ден се води битка за да се испорача нарачаниот материјал. Вистина е дека Американци доаѓаат на пистата, вадат кеш и плаќаат три или четирипати повеќе од она што ние го договоривме. Мора да се бориме – изјави Ротнер.



Бразилскиот министер за здравство Луиз Енрике Мандета изјави дека САД испраќаат големи транспортни авиони во Кина за да носат медицински материјал.

- Тоа се случи со маските. Ги купивме и го испорачаа првиот дел. Вториот, за кој имавме договор, сè беше потпишано и требаше само да се плати, не го испорачаа. Рекоа дека повеќе ги немаат и не можат да ги испорачаат – изјави Мандета.

Шефицата на шпанската дипломатија Аранча Гонзалес Лаја се пожали дека нарачани и платени респиратори биле запленети во Турција.

- Пратката засега нема да ја напушти Турција, зашто владата во Анкара разбира дека приоритет е грижата за пациентите во Турција. Тие гарантираат дека „во разумно време“, за неколку недели, ќе ѝ го испорачаат материјалот на Шпанија – изјави Гонзалес Лаја.

Тедрос Адханом Гебрејесус, генерален директор на Светската здравствена организација, се пожали дека во ваквиве војни за маски страдаат здравствените работници, на кои маските им се неопходни да го заштитат своето здравје и со тоа да ја запрат пандемијата. Тој призна дека цената на хируршките маски се зголемила шестпати, на „н-95“ за трипати, а на заштитните комбинезони за двапати.

Тоа го диктира пазарот, бидејќи побарувачката е значително поголема од производствените капацитети. Баварскиот премиер Маркус Седер изјави дека само на Германија ѝ се потребни „милијарди маски“ во борбата со коронавирусот. Министерот за здравство Јенс Шпан изјави дека ќе настојува Германија да биде независна од увоз на маски.

- Тоа е една од лекциите што ги научивме во изминатите недели – изјави Шпан.

**САД** Извештај на Министерството за здравство

# Американските болници се соочуваат со сериозен недостиг на тестови и заштитна опрема

Многу болници на САД, за да ги надополнат залихите од потребна опрема за борба со коронавирусот, изнаоѓале други решенија со набавка на материјали онлајн.



Болниците низ САД пријавиле недостиг од тестови и заштитна опрема во борбата со коронавирусот и изразиле загриженост за заштитата и здравјето на болничкиот персонал, се дознава од извештај на генералниот инспектор на Министерството за здравство на САД. Внатрешната ревизија на Министерството открива дека болниците и здравствените установи се соочуваат со „сериозен“ недостиг од тестови и „распространет“ дефицит од заштитна опрема потребна за безбедна работа на болничкиот персонал.

Се наведува дека болниците паралелно конкурирале за ограничени залихи на респиратори и хируршки или „н95“ маски. Кај повеќе болници некои од пристигнатите владини залихи на маски биле со истечен рок или неупотребливи.

Многу болници на САД, за да ги надополнат залихите од потребна опрема за борба со коронавирусот, изнаоѓале други решенија со набавка на материјали онлајн. Така, на пример, потребната опрема била купувана од продавници за опремување домови, продавници за бои, или продавници за автокозметика, но и од салони за убавина, се дознава од извештајот на внатрешната ревизија на Министерството за здравство на САД.

Првиот човек на американското јавно здравство, Жером Адамс, ја предупреди американската јавност дека оваа недела ќе биде најтешката во животот на Американците и ја спореди со нападот на 11 септември.

– Следува најтешката и најтажната недела во животот на повеќето Американци. Ова ќе биде момент како Перл Харбор или како 11 септември, само што овој пат опасноста нема да биде локализирана – истакнал Адамс.

Ревизијата на владините институции преземена за запирање на вирусот е извршена во периодот од 23 до 27 март, а биле испитани администратори од повеќе од 300 болници и здравствени установи во 46 сојузни држави.

### Сојузните држави поставија контролни пунктови

• Армиско-полициски погранични контролни пунктови за проверка на возила што пристигаат од други места за прврпат се појавија меѓу неколку сојузни држави во САД, додека властите во Њујорк размислуваат главниот парк во градот да го пренаменат во гробишта.

Со гувернерските наредби да се седи дома за борба со коронавирусот, се појавија и контролни пунктови за проверка на патниците и патни знаци и пораки со предупредување за самоизолација. Гувернерите на Роуд Ајленд, Тексас и Флорида наредија поставување контролни погранични пунктови на главните делници за влез во државите.

**Кина.**

## 24 часа без смртен случај од ковид-19

За првпат откако почна пандемијата на коронавирусот, кинеските власти не пријавија ниту еден смртен случај во изминатите 24 часа.

Според Националната здравствена комисија на Кина, вкупниот број потврдени случаи на инфекција во земјата досега е 81.740, а починале 3.331 лица.

Во Кина повеќе внимание се посветува на случаи што доаѓаат од странство, особено на оние атипични, кои немаат симптоми, но се носители на заразата.



Во Вухан, каде што почна пандемијата на вирусот ковид-19, за првпат од 23 јануари се укинува забраната за движење и ќе се овозможи влез и излез од градот. Сообраќајот во Вухан ќе се врати во нормала. Летовите ќе бидат во функција, автомобилите ќе можат да го напуштаат градот, а луѓето да го користат возот доколку се здрави и неодамна немале контакт со заразени пациенти.

Враќањето на нормалниот живот во овој 11-милионски град се смета како важен сигнал за Кина дека е завршена најлошата фаза од животот.

**Јапонија.**

## Премиерот прогласи вонредна состојба во Токио

Јапонскиот премиер Шинзо Абе прогласи вонредна состојба во Токио и во шест други области во земјата во период од еден месец, поради пораст на заболени од коронавирус.

– Тоа што го одлучив, бидејќи имаме ситуација од која се плашевме, ќе има сериозно влијание врз животот на луѓето и економијата, прогласувам вонредна состојба - рече Абе.

Мерката не предвидува целосна блокада, како во други делови на светот, но им овозможува на локалните власти да ги повикаат луѓето да останат дома и да повикаат на затворање на фирмите.

**Русија.**

## Вотката не е средство за дезинфекција

Експертите во руското Министерство за вонредни состојби не препорачуваат употреба на водка како антисептичен препарат за раце и за подготовка на средства за дезинфекција.

- За приготвување раствор за дезинфекција, не може да се употребува вотка наместо медицински алкохол, бидејќи не содржи доволно алкохол - се вели во препораката. Сепак, експертите препорачуваат да не се користи за дезинфекција и чист алкохол, бидејќи ја суши кожата, ја иритира, предизвикува чешање и создава микро-пукнатини преку кои вирусот може да навлезе во организмот.

Бескорисно е да се дезинфицираат рацете со раствори што содржат помалку од 60 проценти етил алкохол или помалку од 70 проценти изопропил алкохол, препорачуваат лекарите

**Велика Британија.**



## За Џонсон се грижат најдобрите лекари

Премиерот на Велика Британија, Борис Џонсон, ноќта ја помина на одделението за интензивна нега, во болницата во која беше примен откако било констатирано влошување на симптомите предизвикани од заразата со коронавирусот.

Според извештаите од болницата, на Џонсон му бил даден кислород, но не бил вклучен на респиратор и засега неговата здравствена состојба е стабилна.

Во меѓувреме беше објавено дека на премиерот му се одземени сите извршни задолженија, бидејќи тој повеќе не е во состојба да ја предводи Владата од болничкиот кревет.

# Интервју

**Со одлуката да не го свикам повторно Собранието, јас не ја утнав работата, туку напротив, ја запазив уставната поставеност на нештата и не дозволив преседан што во иднина би се искористувал во која било ситуација, за која било потреба.**

**„Прес-конференција“ Талат Џафери** претседател на Собранието на Република Северна Македонија



**„Прес-конференција“ е насловот на неделното мегаинтервју со познати личности од сите области на јавниот живот, од политиката, науката, културата, спортот, естрадата. Секоја среда, на овие страници на весникот, авторот на интервјуата Зоран Иванов, за своите соговорници ќе дефинира лепеза прашања од интерес за најшироката читателска публика на „Слободен печат“.**

# Не е ДУИ виновна што ВМРО-ДПМНЕ победуваше на избори!

Првиот Албанец претседател на Собранието, Талат Џафери, според многумина еден од најдобрите спикери, објаснува зошто не го свикал законодавниот дом откако се самораспушти, зборува за личните и партиските амбиции, за кариерата, за професионализмот, за иднината на државата...

**● Епидемија - исплашени сте, се штитите?**

- Станува збор за пандемија прогласена на светско ниво по препорака на Светската здравствена организација, што значи сите сме засегнати и, се разбира, преземени се соодветни мерки. Не е коректно да се каже дека се нема страв, меѓутоа не страв како конкретен поим, туку како состојба што се менаџира, имајќи ги предвид сериозните последици од пандемијата. Лично, се однесувам како и секој граѓанин, односно ги следам препораките на СЗО и на институциите.

**● Ќе страда и економијата, како тргнало жртви ќе бидат и функционерските плати, не е фер, нели?**

- Секако дека оваа состојба ќе има влијание врз економските текови. На прашањето за примањата на пратениците конкретно, ние и во претходни ситуации сме имале и сме искажале солидарност и безрезервно сме ги прифатиле предлозите на Владата. Ние сме дел од општеството и тоа е најмалку што можеме да направиме за да придонесеме во справувањето со последиците од вирусот по економијата.

**● И учениците бегаат од часови, па се враќаат следниот ден на настава, ја утнавте ли со несвикувањето на Собранието откако го распуштивте?**

- Мислам дека не Ви е коректна аналогијата на еден наставен час со уставната поставеност на Собранието. Потенцирам, не е коректна воопшто. А во однос на прашањето дали ја утнав, сметам дека постапив правилно, затоа што одлуката за распуштање, донесена со соодветно мнозинство, е уставна категорија и моите надлежности како претседател на Собранието се во тој поглед ограничени. Моето решение за евентуално свикување на Собранието, не може да биде над одлуката за самораспуштање на Собранието. Да прецизирам: не може со решение на претседател на Собрание да се поништи одлука донесена на пленум. Имено, откако Собранието ќе се самораспушти, според Уставот, во определен рок (60 дена) од самораспуштањето, треба да се гласа за нов пратенички состав. Сходно на тоа, а врз основа на одговорот добиен од ДИК во однос на роковите за нивните активности, јас ги распишав изборите и 12 април беше определен за ден за одржување на изборите. Според Уставот, единствен надлежен орган што може да ја поништи или да ја укине одлуката на Собранието е Уставниот суд. Постапките и надлежностите се соодветно пропишани, при што секој граѓанин можел да поведе иницијатива. Да повторам: со одлуката да не го свикам повторно Собранието, јас не ја утнав работата, туку напротив, ја запазив уставната поставеност на нештата и не дозволив преседан што во иднина би се искористувал во која било ситуација, за која било потреба. Оценката ја оставам на граѓаните и на стручната фела.

**Од 2017 година наваму овој месец ми е значаен по три прашања. На 15 април ми е роденден, на 18 април 2017 година ненадејно го изгубив мојот среден брат, а на 27 април, знаете под какви околности, бев избран за претседател на Собранието.**

**● Но, некои велат дека партиски инает бил во прашање поради коалицијата на СДСМ со БЕСА, точно?**

- Јас не се раководам од кулоарски размислувања. Уште на почетокот од мојот мандат, во мојата прва изјава пред граѓаните ветив дека ќе бидам претседател на сите, без оглед дали се власт или опозиција. Нема да дозволам узурпација на институцијата Собрание. Уште тогаш јавно се произнесов дека сите партиски функции ги ставам во мирување и по однос на поставеноста на политичките партии ќе бидам неутрален. Мислам дека докрај останав доследен на моите ставови. А во однос на коалицијата, нема ама баш никаква врска со мојата одлука!

**● Рамковниот заврши со имплементација и на петтиот уставен амандман. Што сега, на што ДУИ ќе гради изборен популизам?**

- Штом веќе инсистирате да зборувам како претставник на ДУИ, можам да Ви кажам дека никогаш во овие две децении постоење, не сме се раководеле од популистички пориви туку сме биле доследни на договореното. Да, во овој период тежиштето беше на политичките теми на надворешен и на внатрешен план: заокружување на легислативниот дел од Рамковниот договор, полноправно членство во НАТО и отворање преговори со Европската Унија. Сега кога ги заокруживме напорите за ангажман по овие теми, односно со реализација на овие теми, се отвора простор за поместување на тежиштето на економските теми.

**● Симболите, државните симболи, химната, тие не беа во Рамковниот пакет?**

- Можеби директно не беа дел од пакетот Рамковен, но симболите, државните симболи, химната, не смеат да се третираат како нешто недопирливо. Тие треба да се одраз на новата реалност и на идните потреби на граѓаните.

**● Може ли да ја замислите Македонија, секако оваа Северна, како унитарна и во наредните дваесетина години?**

- Наредните дваесетина години не зависат од ничија индивидуална замисла. Тоа ќе зависи ексклузивно од однесувањето на политичките чинители во однос на развојот и потребите на граѓаните. Секако дека товарот во тоа однесување зависи од однесувањето на мнозинската заедница во државата и од ефектите од него. А особено треба да се имаат предвид надлежностите во кон-

текст на членството во НАТО и во ЕУ.

**• ЈНА, па АРМ, па ОНА, каде, во која формација војничката кариера Ви беше најтешка, во која принудна, во која најтажна?**

- Во ниту една од спомнатите формации не сум бил несвесно, а најмалку под нечија принуда. Во однос на набројените чувства како тешко, тажно итн., не се оптоварувам емотивно, затоа што првенствено се однесувам професионално кон моите надлежности.

**• Амнестија е цивилизациски чин за помирувања и перспективи, но останаа и флеки од конфликтот како оние „хашките", ве јаде ли јанѕа за некои од нив, некое чувство на неправда?**

- Прво и основно, не чувствувам потреба да ме јаде некаква јанѕа. Ние бевме во состојба од која излеговме со Рамковен договор. Зошто би имал јас некое лично чувство на неправда, кон што било?

**• Не бевте првоборец ниту во ОНА, ниту бевте меѓу основачите на ДУИ, прашањето е како толку високо котирате и во партијата и во државата?**

- Мојот статус во ОНА и во партијата не е работа на, слободно ќе кажам, ваша констатација. Статусната позиционираност е нешто што треба да го знаат водството и раководството на партијата. Впрочем, при формирањето на партијата на 5 јуни 2002 година, јас бев дел од работната група за формирање. Ако тоа не ме става во редот на основачите на партијата, тогаш не знам што ме става.

**• Миленик сте му на Али Ахмети, лично сте го задолжиле или по заслуга сте меѓу неколкутемина негови врвни партиски кадри?**

- Прво, не би рекол дека сум миленик на Али Ахмети ниту на некој друг, а уште помалку сум го задолжил со нешто. Мојот однос кон нештата е тоа што било вреднувано од раководството и од граѓаните. Потенцирам, мојот одговорен однос резултира со мојот статус.

**• Не се симнавте од државна функција и тоа која од која повисока, ќе бидете ли првиот Албанец претседател на државава?**

- Прво и основно, никогаш не сум си предодредил себеси каде и што сакам да бидам, но, како што нагласив, тоа што ми било доверено, одговорно сум го спроведувал. А дали ќе бидам првиот Албанец претседател на државава, тоа не зависи ниту од мене ниту од вас, тоа е резултат на изборните процеси и волјата на граѓаните. Кажав, никогаш не сум си предодредил себеси каде се гледам на некоја функција.

**• Кај и да е Северна Македонија ќе ги симне сите административни гранични бариери, ќе биде ли тоа конечно Голема Албанија или не е доволно?**

- Штом вака ми го поставувате ова прашање, изолирано по однос на Северна Македонија, би било коректно најпрвин да ми кажете Ваш став, што Вие подразбирате под Мала Албанија, за да можам да Ви одговорам колку ќе биде доволно или не. Потенцирам, одговорот е соодветен на начинот како е поставено прашањето.

**• Од каде стравот кај Македонците од албанизација на државата?**

- Прашањето Ви е поставено на погрешна адреса. Ако последниве дваесет години не биле доволни за Македонците да се ослободат од тој страв, не знам кој би бил рецептот за да им помогнам во тоа.

**• Ако на претстојните избори ДИУ се збогува од власт, би го посакале ли лидерството во партијата или сега е опасно да се проговори за тоа?**

- Каков статус ќе има ДУИ по изборите, не зависи ниту од Вашата претпоставка ниту од мојот одговор. Одговорот ќе го дадат граѓаните на денот на гласањето. Во однос на лидерството во партијата, не е прв пат како ми се поставува ова прашање, така што ќе Ви одговорам. ДУИ имаше редовен конгрес на кој беше реизбран Али Ахмети за претседател на партијата. Сум рекол и ќе повторам, додека Али Ахмети дише, не би требало некој да сонува да го симне од таа позиција.

**• Здодевно ли Ви е без собраниските седници, Ви недостига ли дисциплинирањето на пратениците?**

- Прво и основно, јас не сум вечен претседател, па да ми недостига. Тоа е мандатен период што помина со одлука, а во однос на дисциплинирањето на пратениците, можеби Вие имате такво чувство, но тоа е обврска на секој пратеник во секој мандат. Да бидат дисциплинирани и посветени на обврските што своеволно ги прифатиле и затоа не чувствувам потреба да бидат кон мене дисциплинирани.

**• Некои актуелни политички анализи упатуваат на нова дружба со ВМРО-ДПМНЕ, коалициски ДУИ полесно се справува со неа?**

- Предизборните и постизборните коалиции не зависат од претпоставки и од анализи, туку првенствено од изборните резултати и од други околности при составувањето на програмските определби на политичките чинители. ДУИ првично во 2002-2006 година беше во коалиција со СДСМ, потоа беше со ВМРО-ДПМНЕ, па повторно со СДСМ. Не е ДУИ виновна што во македонскиот блок неколку циклуси по ред победуваше ВМРО-ДПМНЕ.

**• Пред Вашите и пред очите на партијата десет години се раѓаше антиквизацијата, инженеринг што Македонија ја оттурнуваше од НАТО и од ЕУ. Во што беше вицот, која беше компензацијата за молкот?**

- Оваа теза на многумина им служи како наратив против ДУИ. Ако е така, многу нешто се вети во однос на овој проект, меѓутоа што се измени од 2016 година наваму? Единствено што се извадија оградите пред Владата, а останаа столбовите. Каде е вицот тука?

**• Заменик, па министер за одбрана, беше ли тоа триумф на ОНА врз АРМ?**

- Првин, ниту од мене ниту од партијата моето назначување за заменик-министер за одбрана во 2004-2006 година, па министер за одбрана во 2013-2014 година, не се третираше како нечиј триумф врз некого, тоа е едноставно одраз на новата реалност, новите околности со кои се надминаа и се срушија одредени стереотипи од претходно.

**• Чувствувате ли тогаш доза на непријатност при средбите со офицерите со кои до 2001-ва другарувавте и кои потоа ги гледавте преку нишан?**

- Ако инсистирате да говориме за чувства, тие би требало да се согледуваат обострано. При вршењето на овие функции не сум имал потреба од чувство на инфериорност. Впрочем, мојот професионален однос кон нештата придонесе да немам такво чувство на непријатност. Повторувам, паднаа стереотипите и во однос на ова прашање едностран одговор не би бил целосен одговор, затоа мислам дека би било потребно да ги прашате и моите поранешни колеги за чувствата.

**• Родното село Форино го прославивте со Форина како командант во ОНА, псевдонимот беше Ваш избор или на соборците?**

- Секако дека тој избор беше мој, затоа што претходно бев во АРМ и при вклучувањето во ОНА јас немав потреба да имам некој псевдоним, затоа што јас свесно излегов и немав потреба да се кријам зад псевдоним.

**• Спомен-обележјата од 2001-ва, ќе преживее ли некогаш некоја плоча на Карпалак или тоа таму не е македонска територија?**

- Колку што ми е познато, плочата стои таму и јас не го сфаќам контекстот зошто мене ми го поставувате ова прашање.

**• Месецов Ви е роденден, каков подарок посакувате за Вас лично?**

- Да, точно, роденден ми е. Од 2017 година наваму овој месец ми е значаен по три прашања. На 15 април ми е роденден, на 18 април 2017 година ненадејно го изгубив мојот среден брат, а на 27 април, знаете под какви околности, бев избран за претседател на Собранието. Најпрвин здравје, тоа е најголемиот подарок.

**• Што за семејството?**

- Подарок што го посакувам за семејството, пред сè и над сè, е здравје, благосостојба и напредок.

**• За партијата?**

- Подарок за партијата, се разбира, успех на наредните избори!

## Едно општество за сите е како братство-единство

**• Дали е можно и што е за Вас „едно општество за сите"?**

- Не знам што Вие подразбирате под концептот „едно општество за сите", но според мене, најкратко кажано, тој е еднаков на претходниот концепт братство-единство, што беше ист со претходниот концепт - еднаков свет за сите. Можеби помладите генерации не ја разбираат оваа равенка, меѓутоа постарите генерации ќе можат да извлечат заклучок од неа.

**• Посакувате ли подарок и за државата?**

- Државата оваа година ги доби најпосакуваните и највредните подароци, односно полноправно членство во НАТО и почеток на преговори со Европската Унија. За жал, не нè одмина пандемијата на коронавирус и јас посакувам од неа да излеземе со што помали здравствени последици по граѓаните и економски последици по државата.

**• Како пратеник од говорницата војувавте со молчење и со читање поезија, потоа како собраниски спикер Ви се враќаше ли таа деловничка аномалија?**

- Не би сакал да се навраќам на анализа на сите случувања во Собранието. Не мислам дека мене лично ми е вратено нешто во однос на парламентарното делување. Битно е да сфатите што е парламентарна демократија и дека тоа придонело во развојот и созревањето на институцијата. За жал, Вашата констатација не кореспондира со поставеноста на темелните вредности.

**• Густо беше на 27 април 2017, што од тие настани сакате да заборавите, а што ќе паметите цел живот?**

- Прво и основно, 27-ми не може и не смее да се заборави. Но, сите ние сме фокусирани на иднината и да не дозволиме да ни се повтори.

**• На самиот крај од мандатот, се исплашивте ли од ново собраниско мнозинство без ДУИ?**

- Лично, нема потреба од ништо да се плашам. Ако некој мислел да прави поинакво мнозинство, требало поинаку да постапи. Наместо распуштање, можеле да побараат поинакво мнозинство, но се знае како се доаѓа до тоа. Но, сум кажал, не се водам од претпоставки, туку со аргументи и издржани процедури.

**• Се смеете ли некогаш?**

- Ха, ха, ха...!



## Граѓанскиот концепт не зависи од гласањето

**• СДСМ открадна многу изборни гласови на гласачите Албанци, се граѓанизира ли Северна Македонија врз „грбот" на ДУИ?**

- Прво и основно, определбата и гласањето на граѓаните е нивно исклучиво право. Тоа не смее поинаку да се третира. Граѓанизацијата на Северна Македонија не зависи од фактот за кого ќе гласаат граѓаните. Концептот на граѓанство е во темелните документи што го одредуваат карактерот на државата.

Нашиот Устав, за жал, не ги санкционира на ваков начин нештата по однос на граѓанскиот концепт.

СО ЖЕНСКИ ПЕЧАТ

**Вера Милошевска-Јосифовска, вокал на групата „Љубојна“**

# Во личниот слободен простор ни се потребни музиката и танцот, повеќе од кога било!

*Јасмина Кантарџиева Димков*

***Што би ја разликувало од денешната Французинка или Италијанка, нашата современа, убава и дотерана Македонка, освен некои антрополошки физички разлики? Можеби несигурноста во слободата во изразувањето или будноста за светот околу или свеста за нештата или свесноста за сопственото можеби, вели Милошевска-Јосифовска за „Женски печат“.***

Во овој период на домашна изолација, Вера Милошевска-Јосифовска своето време го посветува на најблиските и тоа е, вели, време за сакање. Опкружена е со музика, слуша, вежба, држи онлајн-часови и го доработува магистерскиот труд. Музиката ни е, разбирливо, главна тема на разговор во ова интервју, нејзината музика, музиката на „Љубојна“, но и музиката која е умствена и духовна терапија особено во ваквите денови. И танцот.

**▶ Како си Вера, како ги поминувате овие денови на изолација поради актуелната ситуација со коронавирусот?**

- Ова е сосема ново искуство за сите нас, искушение пред кое за прв пат човештвото и целиот свет, во последниве години, едноставно застана. Немаше жива сила која можеше ова да го стори, но ете, еден микроорганизам успеа да ја урне нашата самодоверба, самодоволност и самозаборавеност како луѓе и да нè потсети дека не сме семоќни, но и да „ни покаже“ дека умееме и поинаку. Умееме да се солидаризираме, да се организираме ако сакаме, да бидеме креативни и на друг начин. Моето време деновиве е посветено на моите најблиски, тоа ни е време за сакање - заедно учиме, играме, се дружиме, разговараме секојдневно за тоа што ни се случува, како треба да се пазиме. Не е едноставно да го смениш темпото на живеење, особено на децата. Опкружена сум со музика: слушам, вежбам, држам онлајн-часови и конечно имам време да му обрнам внимание на мојот магистерски труд.

**▶ Колку музиката и песната, танцот, помагаат во надминување на психичките кризи кои повеќето од нас ги чувствуваат поради ограничувањето на слободниот простор?**

- Помагаат најмногу! Секој звук и движење, самата вибрација од звукот е влегување во друг медиум и пренасочување на енергијата. Тоа е почеток на душевна и умствена терапија. Има некоја голема тајна во тоа како звукот, музиката нè буди, нè придвижува, нè гали, нè возбудува, нè смирува, и е тотално вон наша контрола. Нашата внатрешна енергија, нашата душа и производот на нашето битие, постојано се движи, се концентрира, се опушта, стежнува, се натрупува, но прави циклуси: мора да се потроши, за да се обнови. Независно од физичкиот слободен простор, циклусот мора да се одвива. Всушност нам ни е поважен персоналниот слободен простор, а во тој простор ни се потребни музиката и танцот, повеќе од кога било! Тоа не е само канализирање на нашиот вишок енергија. Тоа е најубавата душевна храна што човек може да си ја даде, затоа што има опит, има размена, осознавање, има чувствителност, радост, задоволство, меланхолија, возбуда, восхит, има моќност...

***Ова е сосема ново искуство за сите нас, искушение пред кое за прв пат човештвото и целиот свет, во последниве години, едноставно застана. Немаше жива сила која можеше ова да го стори, но ете, еден микроорганизам успеа да ја урне нашата самодоверба, самодоволност и самозаборавеност како луѓе и да нè потсети дека не сме семоќни, но и да „ни покаже“ дека умееме и поинаку.***

**▶ Периодот на самоизолација може да го искористиме и на некои позитивни нешта, на пример, на самодообразованието. Можеби на некои од нас неостварена желба им била да станат музичарки, а животниот пат ги одвел во други професии. Како да станеме „сите“ музичари додека сме затворени дома? Од каде да почнеме со учење и практикување на музика,земајќи ги предвид и можностите што ни ги дава интернетот?**

- Ова е идеално време за „настапувачите“ од под туш, да се префрлат во дневната, кујната или спалната соба и да продолжат да „концертираат“ од таму (се смее, н.з). Не треба многу за музика. Треба само желба и љубов. Во музиката правилото е: мораш да ја следиш и постојано да вежбаш. За сите заинтересирани, има толку многу туторијали за пеење, свирење, за музичка теорија, работилници на нови интересни музичари... Ги има во изобилство на Интернет. Еве, јас го препорачувам Џејкоб Колиер и серијата „Тајни деск концертс“ (Tiny Desk Concerts). Нека биде ова времето за песните што ги сакате, за учење нови, за свирење, за учење нов инструмент, за лудување и за вашиот сопствен концерт кој одсекогаш сте го посакувале!

**▶ Кога тебе животниот пат те одведе кон музиката, кои беа твоите најсилни внатрешни пријатели тогаш при оваа одлука?**



Мојот најголем влог е што храбро решив да го слушам срцето и тоа нема престанато.

- Имав силна лична потреба да пеам. Музиката отсекогаш била дел од мене. Само што во еден момент станав свесна за тоа, дека таа е мојот двигател и дека преку пеење најприродно и најискрено се изразувам. Стана моја најголема преокупација и најважна проблематика. Многу е интересно што човек, при првата средба и првата благодат што ја носи музиката - така и те мами (се смее, нз.) - има максимални очекувања! Мислиш дека сé од одма ќе научиш и ќе умееш. Ова чувство, чинам никого не го одминало. Но колку што поголем пат изодуваш, сфаќаш уште колку многу пат имаш. Мојот најголем влог е што храбро решив да го слушам срцето и тоа нема престанато. Се посветувам искрено и суштински, при тоа фидбекот е огромен.

**▶ Сцената најчесто ја делиш со многу побројно машко музичко друштво. Како се чувствуваш како рамноправен член на бендот или имаш некакви женски привилегии?**

- Музичарите се мои гости и доаѓаат на моја покана, и се менуваат исто така на моја покана. Рамноправни сме како луѓе, како музичари и пријатели. Но на сцена секој си ја знае својата улога. Се надевам, досега разбравте дека „Љубојна“ е идеја за музика, која е постојано во движење и соработува со многу музичари. Таа радост што „Љубојна“ ја шири е општочовечка.

**▶ Имаш ли страст кон готвењето? Би ни препорачала ли некој домашен рецепт, евтин ама превкусен?**

- Имам страст кон јадењето, можеби, некој готов рецепт за мене? (се смее, нз). Готвам со љубов иако не сум некој страствен готвач. Моите рецепти се, што ќе се најде во моментот и најчесто се едноставни и брзи, и главно зачинети со куркума, ким, бибер и ѓумбир. Во моментов е сезона на посни јадења, па што



Од Вања Лазарова ги научив сите женски тајни на пеењето, состојбата на душата во пеењето.



**Практични примери и лекции за чалгиското и народното пеење имаше можност да добиеш од легендарната Вања Лазарова, на што те научи таа?**

*- Тоа беше всушност едно пријателство заради музика. Таа просто не оставаше да бидеме во нејзино друштво кога раскажуваше, месеше кифлички, ја галеше нејзината сијамска мачка која ѝ се качуваше на грбот, а таа така поднаведната ѝ зборуваше и ѝ пееше на шега. Кога ни ги покажуваше нејзините генијални везови... Помнам еден цветен, се викаше „Селани и граѓани“. Фантастично! Кога пееше и најмалото прсте ѝ вибрираше. Тоа беше мојата тетка Вања, мојот македонски „вуду гуру“. Од неа ги научив сите женски тајни на пеењето, состојбата на душата во пеењето. Тоа мораш сам да го разбереш, зашто таа тоа животно го сведочеше, не држеше лекции. Дружењето со неа беше најголемиот пример.*

и да правите, можете да го смислите во посна варијанта.

**Преку музиката ставате акцент на традицијата, како гледаш на денешната Македонка?**

- Не, воопшто не ставаме акцент на традицијата. Традицијата сама по себе не е поента, не е цел! Традицијата е сведоштво и пренос на севкупност на искуства, сознанија, творештво, вредности и практики на една култура. Таа е само културна база од која што се учи. Освен што некои нешта ни се по автоматизам пренесени, како култура, не видов дека имаме некој специјален и особен линк со таа база, за да очекуваме некаква нејзина надградба, па да ја поврземе со денешната Македонка. И која би била таа Македонка? Онаа што гледа „Гранд продукција“ и турски серии, онаа што на свадба слуша и игра на турбо фолк или онаа современата која пак врска нема со македонската култура, освен тоа што и кажале дека треба да го знае, ама не знае зошто треба да го знае! Онаа младата која растоварена од сѐ, умно расудува за појавите и на нов начин ги прифаќа, но на која традицијата мора да ѝ се преведе за да ја разбере? И што би ја разликувало од денешната Французинка или Италијанка, нашата современа, убава и дотерана Македонка, освен некои антрополошки физички разлики? Можеби несигурноста во слободата во изразувањето или будноста за светот околу или свеста за нештата или свесноста за сопственото можеби.

*Препораки од изолација*

# Рената Трајчевска ни го открива оригиналниот рецепт за Миљачо наполетано

*Рената Трајчевска, дописничка на италијанската државна агенција АНСА, за која работи веќе 20 години, нѐ води низ постапката за приготвување на прочуениот италијански традиционален рецепт – Миљачо наполетано.*





Рената Трајчевска веќе со години успешно експериментира со приготвувањето на италијански специјалитети.

- Првите мои обиди да подготвам италијанска паста беа смешни, но затоа од ден на ден се подобрував, усовршував и денес можам да подготвам солидна италијанска паста, лазањи и пред сѐ многу десерти. Со успех ги подготвувам традиционалните италијански рецепти за благи десерти, кои во споредба со нашите, се многу поедноставни, не бараат многу состојки, а се приготвуваат брзо. Едноставно, секој би можел да ги направи. Еве еден таков рецепт за разгалување на најблиските во деновите на домашна изолација. Необичаен е, евтин и брзо се прави, вели Рената.

**МИЉАЧО НАПОЛЕТАНО**

Типичен италијански десерт кој се подготвува за време на карневалските денови во регионот Кампаниа.

**НАМИРНИЦИ:**

- 200 гр гриз
- 500 мл млеко
- 250 гр шеќер
- 500 мл вода
- 350 гр кравја урда
- 4 (средни) јајца
- 40 гр путер
- кора од еден портокал
- ванилин шеќер
- прстофат сол
- за декорација шеќер во прав

**ПОДГОТОВКА:**

Во едно длабоко тенџерче ставете ги водата и млекото, додате го путерот, солта и корите од портокал и откако ќе се растопи путерот додадете го гризот и варете го 4-5 минути. Пред крајот, извадете ги корите, додадете рендана кора од портокал, измешајте добро со





жица, па истурете ја смесата од гриз во некој сад да се подизлади.

Подгответе ја урдата така што ќе ја поминете низ сито или железна цедалка, притискајќи со вилушка за да добиете кремаста и унифицирана смеса.

Во еден сад со миксер изматете ги јајцата, шеќерот и ванилиниот шеќер. Откако убаво ќе се изматат и масата стане хомогена, речиси бела смеса, полека почнете да додавате од млакиот сварен гриз и да матите сѐ додека не добиете хомогена смеса без грутки.

Во подмачкано тавче со путер и со хартија за печење истурете ја смесата и ставете да се пече во загреана рерна на 220 степени околу еден час. Доколку по четириесетина минути се зацрвени - доволно е, тогаш со хартија за печење покријте го колачот и печете уште малку.

Кога колачот е готов, почекајте прво добро да се излади. Потоа, префрлете го на чинија за сервирање и наросете врз него шеќер во прав.

**Предлог:** доколку сакате да го збогатите вкусот додадете суво грозје, пиноли или кандирано овошје. Добар апетит!



Ако сте тргнале кон целта и при тоа застанувате да фрлате со камења по секој пес што лае на вас, никогаш нема да стигнете до неа.

**Фјодор М. Достоевски.**

**Едно од најздравите растенија.**

# Каде може да се употреби и како најлесно да се исчисти ѓумбирот



**Луѓето што страдаат од артритис, оние што имаат проблеми со мускулите, имаат висок крвен притисок, но и покачени триглицериди и маснотии во крвта, задолжително на своето дневно мени мора да имаат барем 10 грама рендан или ситно исечкан ѓумбир.**

Покрај тоа што има уникатен мирис и вкус, коренот од ѓумбир важи и за едно од најлековитите растенија што ни ги дала природата. Овој корен е карактеристичен по лутиот вкус и важи за специфичен зачин или додаток во јадењата, кој се става во супи, салати, главни јадења, варива, но и во алкохолни напитоци.

Освен што додадениот ѓумбир во храната или во вашиот омилен напиток ќе го подобри вкусот, тој многу ќе помогне и во зајакнувањето на имунитетот, но и во решавањето одредени здравствени проблеми.

## Антибактериско дејство

Луѓето што страдаат од артритис, оние што имаат проблеми со мускулите, имаат висок крвен притисок, но и покачени триглицериди и маснотии во крвта, но и оние што едноставно се настинати, задолжително на своето дневно мени мора да имаат барем 10 грама рендан или ситно исечкан ѓумбир.

Освен кај овие заболувања, ѓумбирот според нутриционистите многупати досега покажал и дека може да помогне и во низа други заболувања какви што се, на пример, мигренозните болки, проблеми со синусите, желудочни тегоби и слично. Исто така, ова моќно растение има антибактериско дејство, па важи за моќен борец против бактериите и инфекциите акумулирани во организмот.



## Лесно достапен

Коренот од ѓумбир може многу лесно да се најде во продавниците и на зелените пазари, но доколку сакате да се обидете, многу лесно можете да го одгледате и самите. Коренот од ѓумбир најдобро расте во место во кое има поголемо количество земја, како што е, на пример, градината во дворот. Но доколку живеете во стан и просторот е ограничен, ова лековито растение можете да го одгледувате и во саксија што ќе стои на терасата.

## Внимавајте на свежината на коренот

Кога ќе одите да купувате ѓумбир, секогаш внимавајте на тоа дали неговата површина е рамна и еднаква или има одредени вдлабнатини или, пак, започнал процесот на менување на бојата. Секогаш обидувајте се да најдете ѓумбир што има свеж изглед.

Кога ќе го набавите, многу лесно ќе можете да го излупите, исечкате и изрендате, споредбено со тоа доколку купите ѓумбир што стоел на полиците во маркетите или на тезгите на зелените пазари повеќе од пет дена...

## Додаток во исхраната

Иако во некои рецепти воопшто не е проблем доколку додадете ѓумбир заедно со кората, сепак за подготовка на супи и напитоци, треба да користите комплетно излупен ѓумбир. Најлесен и наједноставен начин да се отстрани лушпата на ѓумбирот е со помош на супена лажица. На тој начин не само што ќе го излупите растението, туку и ќе отстраните сосема мал дел од надворешната обвивка, што не би било случај доколку коренот го лупите со нож.

Исто така, со тоа што ќе го излупите ѓумбирот со лажица, можноста да се повредите ја сведувате на минимум.

Доколку, пак, лушпата на ѓумбирот и покрај напорите никако не можете да ја отстраните, тогаш треба да го потопите во вода и да го оставите да отстои барем петнаесетина минути. Кога ќе го извадите коренот од водата, многу полесно ќе ја отстраните лушпата.

## Подготовка на ѓумбирот

Исчистениот корен од ѓумбир, можете да го исечкате на кругови, ленти или едноставно да го изрендате. Доколку коренот од ѓумбир е исечкан на крупни парчиња, по неговата термичка обработка треба да го извадите од храната со која заедно се готвел, бидејќи со зголемувањето на температурата кога сте готвеле, веќе ги испуштил своите растителни масла, но и својата арома.

Во случај, пак, претходно растението ситно да сте го изрендале, можете да го додадете во салата, маринада или, пак, чорба и да остане во садот и да го изедете заедно со другите состојки со кои сте го измешале.

Важно е да се напомене дека во процесот на рендање на ѓумбирот, треба постојано да го вртите за да имате колку што е можно помалку отпад и да можете убаво да го иситните.

## Ѓумбир во прав

Доколку сето ова ви изгледа претешко и сметате дека е непотребно, за да го имате ѓумбирот и за да го користите во омилените јадења, набавете си ѓумбир во прав. Него можете да го додадете во истите јадења во кои би ставиле и сечкан или рендан, односно да го користите како додаток во чај, смути, маринада, бисквити, како зачин додека подготвувате месо или риба...

## Здравствени придобивки

Со редовно јадење ѓумбир, ќе почувствувате многубројни здравствени придобивки:

- Ги олеснува болките во мускулите
- Познат е како моќен афродизијак
- Ја намалува болката
- Го зголемува апетитот
- Ја чисти крвта
- Спречува појава на инфекции во телото
- Помага при слабеење



**Рецепти.**



## Кифлички со јогурт

**СОСТОЈКИ:**

- 2 килограми брашно
- 1 квасец
- 5 јајца
- 500 милилитри млеко
- 200 милилитри јогурт
- 200 милилитри масло за јадење
- 2 лажички сол
- 2 лажички шеќер
- 300 грама маргарин
- 100 грама сусам
- 1 јајце

**ПОДГОТОВКА:**

Во посебен сад растворете го квасецот со малку млако млеко, шеќер и брашно и оставете го околу 20 минути да стаса. Во подлабок сад ставете го остатокот од брашното заедно со другите состојки, но без маргаринот и сусамот. Кога квасецот ќе нарасне, додајте го во садот со брашното и сето тоа убаво изместете го. Тестото оставете го да стаса околу еден час. Потоа, повторно изместете го и од него формирајте мали топчиња кои со помош на сукало, се расукуваат и се виткаат кифли. Наредете ги во претходно подмачкана тава за печење и одозгора премачкајте ги со јајце и наросете ги со сусам. На секоја кифличка одозгора и се става по малку маргарин. Печете ги во претходно загреана рерна на 200 степени додека не ја добијат посакуваната боја.

## Колачиња со ѓумбир



**СОСТОЈКИ:**

- 300 грама брашно
- 100 грама маргарин
- 2 лажички ѓумбир во прав
- 2 лажички цимет во прав
- 1 прашок за печиво
- 100 грама кокосово брашно
- 10 лажици шеќер
- 1 ванилин шеќер
- 500 милилитри млеко

**ПОДГОТОВКА:**

Загрејте го млекото и истурете го во подлабок сад. Во него додајте ги сите потребни состојки за подготовка на овие ароматични колачиња. Убаво измешајте ги состојките, а потоа оставете ги да отстојат еден час во фрижидер за убаво да се соединат. Наросете ја работната површина со брашно и врз неа истурете ја смесата за подготовка на колачиња. Повторно наросете со брашно и со сукало развлечете кора со дебелина од еден сантиметар. Обликувајте ги колачињата по ваша желба. Печете ги во претходно загреана рерна на 200 степени неколку минути, односно додека порумени. На крај, колачињата декорирајте ги по ваша желба.

**Три начини да се ослободите од ненадејната вознемиреност.**

# Како да го запрете нападот на паника



Симптомите се појавуваат ненадејно, но обично исчезнуваат во рок од 10 минути.

Нападот на паника е ненадеен напад на вознемиреност или страв. Според Американското здружение за анксиозност и депресија (АДАА), постојат околу 13 симптоми на напади на паника, вклучувајќи болка во градниот кош, вртоглавица, останување без здив и страв од смрт.

АДАА вели дека ако имате четири или повеќе симптоми, имате напад на паника, иако може да се појават и со ограничени симптоми. Симптомите се појавуваат ненадејно, но обично исчезнуваат во рок од 10 минути. Паничните напади често се случуваат неочекувано, а многу луѓе не знаат што е причинителот за тоа.

Кога ги гледате бројките, тие се вообичаени, велат психијатрите. Сепак, нападот на паника може да се развие во панично нарушување. Тоа се дијагностицира кога луѓето живеат во страв од напади на паника, па дури и го менуваат своето однесување со надеж дека така ќе го избегнат.

Секој може да управува со напади на паника со техники на дишење, терапија и лекови.

### Како да се справите со нападот на паника?

„Нападот на паника е прекумерно активирање на телесниот симпатички нервен систем на телото, што покренува реакција на борба или бегство, објаснуваат психијатрите.

Во текот на нападот на паника, неопходно е да се смири симпатичкиот нервен систем и да се активира парасимпатикусот, што поттикнува опуштање. Тука може да помогнат бавните и длабоките вдишувања.

Тоа ќе помогне да се забави дишењето и да се намалат отчукувањата на срцето во текот на нападат, додаваат лекарите.

Стабилното дишење е една од најдобрите алатки за надминување на нападите на паника. Покрај тоа, важно е да се соочите со негативните мисли поврзани со нападот на паника. На пример, ако се плашите од смрт, сетете се дека и порано сте преживеале напади на паника. Запомнете дека нападите на паника се непријатни, но физички не се штетни и повеќето од нив поминуваат во рок од 5 до 10 минути.

Изолираните напади на паника не се опасни. Опасно е кога луѓето го менуваат своето однесување со надеж дека ќе избегнат уште еден напад на паника. Тоа може да доведе до агорафобија, страв од ситуации што можат да предизвикуваат паника и социјална изолација, додаваат лекарите и советуваат - луѓето што сметаат дека нивните напади на паника им влијаат врз животот, да побараат медицинска помош.

### Терапијата и лековите можат да помогнат во управувањето со нападите на паника

Когнитивната бихевиорална терапија и когнитивната терапија може да бидат делотворни за паничните напади и паничните нарушувања. Во ваквите терапии, пациентите полека се запознаваат со предизвикувачите на анксиозноста, па тие со помош на стручњаците учат како подобро да го контролираат својот одговор на итните и вонредните случаи.

Студија од 2018 година открила дека дури и два дена таква терапија дава трајни резултати за период од најмалку една година.

**Во текот на нападот на паника, неопходно е да се смири симпатичкиот нервен систем и да се активира парасимпатикусот, што поттикнува опуштање. Тука може да помогнат бавните и длабоките вдишувања. Тоа ќе помогне да се забави дишењето и да се намалат отчукувањата на срцето**

Лековите исто така можат да помогнат во контролата и управувањето со анксиозноста која предизвикува напади на паника. Сепак, бензодијазепините имаат висок ризик од создавање зависност, па не треба да се користат долгорочно.

### Паничното нарушување е многу излечиво

Психијатрите велат дека лекувањето на паничното нарушување може да биде многу ефикасно, но нелекувањето може да доведе до агорафобија или страв од одредени места, особено од јавни места.

Луѓето што доживеале напад на паника треба да се обратат кај својот лекар за да изготват план за лекување што им одговара.

Клучно е пациентите да знаат дека не се сами. Денес има многу анксиозност во општеството. Пациентите би требало да побараат помош и да се чувствуваат пријатно додека го споделуваат она низ што поминуваат, советуваат лекарите.





# Поголемите колкови значат помал ризик од висок крвен притисок и срцев удар

• Луѓето со поголеми колкови можеби не се најгорди на тој дел од телото, но изгледа дека би требало да бидат. Кинеските научници дошле до интересно откритие дека тоа може да има некои предности за здравјето, како што е намален ризик од срцев и мозочен удар како и од висок крвен притисок.

Научниците откриле дека од луѓето со прекумерна телесна тежина, оние со големи колкови имаат една третина помала веројатност од висок крвен притисок, кој може да предизвика срцев или мозочен удар.

Се смета дека бутовите се побезбедно место за складирање масноти од половината, затоа што во абдоминалната празнина се наоѓаат органи што помагаат во регулирањето на крвниот притисок.

„За разлика од мастите на стомакот, мастите во нозете би можеле да бидат корисни за метаболизмот“, објасниле кинеските научници.

Откритието што оди во корист на луѓето со тело во облик на круша е објавено во магазинот „Ендокрините врски“. Истражувањето е спроведено меѓу 10.000 луѓе во Кина, на возраст над 40 години.

# Спорт

Му посакувам сѐ најдобро на Вардар и се надевам дека во иднина клубот ќе биде на нивото што го заслужува! Ќе го напуштам Скопје ова лето, но сигурен сум дека повторно ќе се видиме. Вистинската љубов има навика да се врати!

**Сташ Скубе, ракометар на Вардар**

**Ракомет** Средниот бек го напушта Вардар

# Скубе најблизу до Мешков Брест

**Словенецот најави дека летово ќе си замине од Скопје, а Кјелце, Хановер и ПСЖ се можни следни дестинации. Се чини најзаинтересиран е Мешков. Едно е сигурно, агилниот бек многу ќе му недостига на нашиот шампион**



Словенечкиот среден бек Сташ Скубе е најновиот ракометар на европскиот првак Вардар кој ќе го напушти клубот летово. Тоа го најави самиот Скубе, без да открие која е неговата нова дестинација. Според словенечкиот медиум „Шд шпорт“, за агилниот среден бек интерес покажуваат полски Кјелце, германски Хановер, француски ПСЖ, а изгледа најзаинтересиран е белорускиот клуб Мешков Брест. Веројатно наскоро официјално ќе се знае кој ќе биде следниот клуб на Скубе, играчот што многу придонесе за последната европска титула на Вардар.

Самиот Скубе, еден од миленците на вардаровите фанови, емоционално се прости од клубот во кој мина две години. Но финансиските проблеми го сторија своето и Словенецот се најде на листата на оние што си заминуваат од Вардар.

– Има само неколку добри спомени, но имаше многу повеќе од ова! Јас сум толку горд што го носев две години дресот на Вардар и екстремно горд што направивме во последниот период! Се разбира дека освојувањето на Лигата на шампионите минатата година беше еден од најдобрите денови во мојот живот! Би сакал да им се заблагодарам на сите мои соиграчи, навивачи и луѓе што нѐ поддржуваат во добри и лоши времиња! Му посакувам сѐ најдобро на Вардар и се надевам дека во иднина клубот ќе биде на нивото што го заслужува! Ќе го напуштам Скопје ова лето, но сигурен сум дека повторно ќе се видиме. Вистинската љубов има навика да се врати! – напиша Скубе на Инстаграм.

Скубе дојде во Вардар на почетокот на сезоната 2017/18, како замена за Лука Цindriќ, и за кратко време ги освои срцата на вардаровите навивачи и ги оправда очекувањата како извонреден организатор на играта, играч со срце, способен да решава натпревари и да преземе одговорност. Скубе пристигна во Скопје од ПИК Сегед, а претходно настапуваше за Горење Велење и Трим Требње.

Ова лето Вардар ќе го напуштат уште Калифа Гедбан (Адемар Леон) и Данил Шишкарев (Веспрем), а веројатно и Кристијан Дисингер, Домен Сикошек Пелко и Жозе Толедо.

**Тенис.**



## „Лошото момче“ Кирјос има и благородна страна

Австралискиот тенисер Ник Кирјос, познат како лошото момче на тенискиот свет, ги изненади сите со својата хуманост и понуди помош на сите што во овој кризен момент имаат проблеми.

Коронавирусот ги запре сите натпреварувања и многу луѓе остави без работа, па Кирјос им понуди помош на оние на кои тоа им е потребно.

- Ако некој не работи или нема никаков приход и остане без храна, или помине низ тежок период... ве молам немој да спиете со празни стомаци. Не плашете се и не срамете се да ми пишете приватна порака. Ќе бидам повеќе од среќен да поделам со вас што имам во тој момент. Без разлика дали е тоа леб, млеко... Ќе ви ги оставам пред куќа - објави Кирјос.

**НБА.**

## Пред мај нема разговори за продолжување на сезоната

Во САД моментно има најмногу случаи на коронавирус, бројката расте секојдневно и поради тоа можно е спортот да доживее нови одложувања. Комесарот на НБА Адам Силвер истакна дека лигата нема да води разговори за продолжување на сезоната пред 1 мај, а можеби тоа нема да се случи ни тогаш.

– Им кажав на сите минатата недела да прифатат дека барем до крајот на април нема да бидеме во состојба да решиме што било. Не мислам дека ќе можеме да разговараме на 1 мај, но тоа не значи дека нема да разгледуваме различни опции за да ја продолжиме сезоната. Мислам дека е рано, бидејќи не можеме да предвидиме каде ќе бидеме во наредните неколку недели – рече Силвер. Една од опциите е преостанатите натпревари да бидат одиграни во еден град и плејофот да биде пократок. Она што НБА не сака е да остане без завршување на натпреварувачката сезона и без шампион.

**Формула 1.**

## Рикардо не верува дека сезоната ќе почне во јуни



Возачот на Рено, Даниел Рикардо, не верува дека ни во јуни ќе има почеток на сезоната во Формула 1. Претходно, раководството на Ф1 прогнозира дека првата трка ќе се одржи во јуни на канадското гран-при.

– Не знаеме кога ќе почнеме. Мислам, тогаш ќе имаме исцрпувачки календар, бидејќи тие ќе сакаат да исцедат што повеќе трки во него пред Нова година. Сакам да бидам подготвен во моментот кога ќе бидеме информирани. Јас би сакал трките да почнат во јуни. Досега сѐ е откажано до средината на јуни, но ова е само во идеална ситуација. Мислам дека сезоната ќе започне подоцна од јуни - изјави Рикардо.

Како и најголемиот број првенства, така и натпреварите во Формула 1 се во застој поради пандемијата на корона вирусот.

**Барселона.**

## Џерард Пике најавил заминување од Камп ноу




Еден од најискусните фудбалери на Барселона, Џерард Пике, ќе си замине од „Камп ноу“ по крајот на сезоната. Стоперот беше во наводна кавга со Лео Меси, а и другите проблеми во клубот го натераа да размислува за заминување од Барса. Според шпанските медиуми, Пике веќе им ја соопштил одлуката на соиграчите.

Како можна следна дестинација на играчот се наведува МЛС Лигата во САД. Таму има клубови што можат да одговорат на финансиските барања на Шпанецот. Тимот на Дејвид Бекам, Интер Мајами, засега е најсериозен кандидат за неговиот потпис.

**Германија.**

## Томас Милер останува во Баерн до 2023 година

Како што информираше Баерн Минхен, Германецот Томас Милер потпиша нов договор на две години и ќе остане во Баерн Минхен до 30 јуни 2023 година. Репрезентативецот на Германија претставува еден од најголемите симболи на екипата, човек што целиот живот го помина во главниот град на Баварија и како дете имаше значаен придонес во сите успеси во поновата историја.

Досега тој во дресот на клубот од „Алијанц арена“ има учинок од 521 меч во сите натпреварувања, со 195 гола и 188 асистенции. Претходно тренерот на Баерн, Ханс Флик, стави потпис до 2023 година.



**Скандали** Фудбалери што свесно го игнорирале карантинот




# Оргиите, пијанствата, забавите поважни од здравјето

**Повеќемина многу познати фудбалери ги игнорирале правилата за борба против коронавирусот, се забавувале, свесно ставајќи го сопственото и здравјето на другите во опасност**

Одлуките на владите на европските земји најчесто се задолжителен карантин за да се избегне ширењето на заразата со коронавирусот. Но, не се ретки случаите кога фудбалерите поради бизарни причини се одлучуваат да не ја почитуваат одлуката за карантин и потоа да бидат ставени на столбот на срамот.

Најбизарен е случајот со фудбалерот на Манчестер сити, Кајл Вокер, кој во својот дом повикал две проститутки, на кои им платил по 2.200 фунти за целовечерни оргии. Глупоста на Вокер беше откриена благодарение на една од проститутките, кои им раскажала на медиумите во Англија за „забавата“ со фудбалерот. Причината за тоа е неговото лицемерно однесување кога апелираше до граѓаните да го почитуваат карантинот и да останат во своите домови.

Нешто слично направи и капитенот на Астон Вила, Џек Грилиш, кој прво апелираше до луѓето да останат во своите домови, а потоа замина на забава кај пријател, каде што се опијанил до таа мера, што утрото удрил во три автомобили.

Поранешниот капитен на Англија, Вејн Руни, исто така не го почитуваше карантинот и беше „уловен“ од полицијата во Манчестер, а медиумите шпекулираат дека Руни одел на гости кај Кајл Вокер, каде што го чекале и двете проститутки.

Фудбалерот на Селта, Фјодор Смолов, избега од карантин за да присуствува на 18. роденден на својата девојка, која е внука на поранешниот претседател на Русија, Борис Јелцин. Фудбалерот се правдаше дека го известил клубот и добил дозвола да присуствува на роденденот.

Дефанзивецот на Баерн Минхен и на германската репрезентација, Џером Боатенг, освен што не го почитувал карантинот, тој дури предизвикал и сообраќајна несреќа во која целосно го уништил својот автомобил. Тој изјави дека го прекршил карантинот бидејќи неговото дете било болно.

Од нашето соседство најчести прекршители на карантинот се српските фудбалери. Најпознат е случајот со играчот на Реал Мадрид, Лука Јовиќ, кој го напуштил својот стан во Белград иако морал да помине 14 дена во самоизолација и тоа поради роденденот на својата девојка.

Александар Пријовиќ (Ал Итихад) е уапсен во белградски хотел поради кршење на полицискиот час. Српскиот репрезентативец не ги почитувал препораките од властите и бил затекнат во ресторанот во хотелот заедно со уште 14 лица, иако е дозволено во група да има најмногу пет лица.

**Шпанија.**

## Почина легендарниот тренер Радомир Антиќ

Фудбалот тагува, на 72-годишна возраст во Шпанија почина Радомир Антиќ, еден од најдобрите тренери во Европа. Тажната информација ја пренесе неговиот поранешен тим, Атлетико Мадрид.

- Атлетико со жалење констатира дека си замина нашиот легендарен тренер Радомир Антиќ. Засекогаш ќе бидеш во нашите срца - објави мадридскиот тим, кој во 1996 година ја освои титулата под водство на Антиќ. Тој најголем дел од тренерската кариера ја помина во Шпанија каде што е еден од ретките тренери што седел на клупата на Реал Мадрид, Барселона и Атлетико Мадрид. Покрај нив ги тренираше и Сарагоса, Овиедо, кинеските Шандонг и Хебеи, а беше и селектор на Србија, со која играше на СП 2010 година во Јужна Африка.

Како фудбалер кариерата ја почна во родниот град Ужице, во 1967 година дебитираше за првиот тим на Слобода. Една година подоцна премина во Партизан, а во играчката кариера која му траеше до 1984 година, играше и во Фенербахче, Сарагоса и Лутон.



## Скандинавски крстозбор

**30 минути**




**РЕШЕНИЕ:** ВИТНИ ХЈУСТОН, ЧОРЕ, ЏЕЛАТИ, АСТИЛОНИ, ЕН, РИНА, АКТИВИСТ, ППА, ВОТКА, СОЛЕНИ, АРАК, ВЕНЕТКА, ШЕН, ТЕРОРИ, РЕЛАТИВ, Т, АЕРОЛИТ, ИРА, ИМРЕ, АГЛОМЕР, ЧИ, У, АСКОНА, ЗАТАЛ, К, АМАРКОРД, КИТЕЊЕ, ПАРТАЛ, АТЕИСТИ, РЕК

## Шах

**ПРОБЛЕМИ ВО ДВА ПОТЕГА**








## Мозаичен крстозбор

**15 минути**



5 букви: АКТЕР, АРТЕЛ, АСТЕР, ИЗОЛА, КОТВА, ЛОТКА, СОКАК, ФЛОРА

6 букви: АДОНИС, ИСТРЕЛ, НАФАКА, НЕДЕЛА, ОКТИСИ, ОРГАНА, САЛАМА, СТОТКА, ТУРИСТ

7 букви: АКАТИСТ, АНТРАКС, АПЕНИНИ, АРЕОПАГ, КАНАСТА, КОВАЛЕВ, ЛАСКОВА, ЛАСТОВО, НИКОТИН, ТРАФИКА, ФАНАТИК

8 букви: ИСТРАНЕЦ, НИКОЗИЈА, НИКОЛИНА, СВЕТЛОСТ, СЕКСТАНТ, ТИКОВИНА

9 букви: АКТИВАТОР, ПРАКСИТЕЛ, ТРЕСКАВЕЦ

10 букви: АВСТРАЛИЈА, АМЕРИКАНКА, АПОЛОГЕТИК, ПОЛИНЕЗИЈА, ТРАКТОРИСТ

11 букви: ЗАГРИЖЕНОСТ

## Судоку

**15 минути**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 7 | | 5 | | | | 6 | |
| 8 | 4 | | 3 | | | | | |
| 9 | | | | | 2 | | 4 | 5 |
| | | | | 5 | 4 | | | |
| | | 6 | 9 | | 3 | 1 | | |
| | | | 7 | 6 | | | | |
| 6 | 1 | | 2 | | | | | 8 |
| | | | | | 9 | | 7 | 4 |
| | 9 | | | | 5 | | 3 | 1 |

Решение:172548369845396712963172845731854926486923157529761483614237598358619274297485631

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | 3 | | | | | | 2 | 6 |
| | | 7 | 2 | | 1 | | | 3 |
| 9 | | 5 | 7 | | | | | |
| 6 | | | | | | 8 | 7 | |
| | | | 5 | | 6 | | | |
| | 5 | 8 | | | | | | 2 |
| | | | | | 9 | 2 | | 7 |
| 5 | | | 3 | | 8 | 4 | | |
| 7 | 4 | | | | | | 5 | 8 |

Решение:431895726867241593925763184693124875274586931158937642386459217512378469749612358

## Избор од ТВ-програмата



**17:50 АЛСАТ М**
**Прости ми**
играна серија



**18:55 МТВ 1**
**Бушава азбука**
анимирана серија



**21:30 КАНАЛ 5**
**Забрането јаболко**
играна серија

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 09:10 | ТВ училница |
| 12:45 | Си било еднаш |
| 13:50 | Научен спектар |
| 17:45 | Градски водич |
| 18:55 | Бушава азбука |
| 20:15 | Агенда 35 |
| 20:45 | Преспав - серија |
| 21:15 | Пријатели - серија |
| 23:35 | Продадена - филм |

### ТЕЛМА
вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 07:00 | Телма Амбуланта |
| 10:35 | Градини |
| 13:45 | 90 минути |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет – серија |
| 19:15 | Топ Тема |
| 20:35 | Топло - ладно – серија |
| 22:10 | Бесрамници – серија |
| 23:15 | Биди маж - филм |

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Визита |
| 11:10 | Ние и вие |
| 12:00 | Македонски приказни |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Тажна жена - серија |
| 20:30 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:30 | Забрането јаболко - серија |
| 00:30 | Бекстејџ |

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Македонија Денес |
| 10:15 | Фактор Здравје |
| 11:00 | Во Тек |
| 16:00 | Очи в очи |
| 17:45 | Отворено Студио |
| 20:40 | Столици |
| 21:45 | Ај не замарај - серија |
| 23:00 | Флексија |
| 23:30 | Женски Рај - серија |

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:45 | Ја сакам Македонија |
| 11:20 | Македонски стари приказни |
| 12:10 | Практична жена |
| 17:00 | Брза кујна |
| 17:50 | Се или нешто - квиз |
| 19:45 | Близнаци - серија |
| 21:00 | Сестри - серија |
| 22:00 | Истанбулската невеста - серија |
| 23:35 | Полицајци почетници - серија |

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Документарна програма |
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил |
| 16:40 | Попладне |
| 17:25 | Бескрајна љубов - серија |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака - серија |
| 20:45 | Мојата керќичка - серија |
| 22:00 | Економски магазин |

### HBO



Ју-Ту: Експириенс 09:55

| | |
|---|---|
| 06:00 | Маѓепсани |
| 07:50 | Добриот Вил Хантинг |
| 09:55 | Ју-Ту: Експириенс |
| 11:10 | Моето најмило чудовиште |
| 12:40 | Таа |
| 14:45 | Мистифај: Мајкл Хаченс |
| 16:25 | Собата на Марвин |
| 18:05 | Дамбо |
| 20:00 | Дора истражува - Изгубениот град |
| 21:45 | Вествролд III |
| 22:45 | Идентитет |
| 00:15 | Доказ |
| 01:55 | Лаги и кражба |
| 03:35 | Старски и Хач |
| 05:20 | Во близина на куќите: Училиштето Стајвесант на 11. септември |

### HBO 2



Србенка 00:00

| | |
|---|---|
| 08:45 | Човек-пајак: Нов свет |
| 10:40 | Во потрага по Аљаска |
| 11:35 | Фоси/Вердон |
| 12:35 | Потпретседателка |
| 13:05 | Младиот Шелдон III |
| 13:30 | Дамбо |
| 14:35 | Дафне и Велма |
| 16:15 | Луѓе во црно... |
| 18:10 | Последици II |
| 19:00 | Омилена |
| 21:00 | Раскажи ми приказна II |
| 22:00 | Ослепени од светлата |
| 00:00 | Србенка |
| 01:15 | Омразата што ја шириш |
| 03:25 | Дру Мајкл |
| 04:15 | Сомнеж |

**HBO**

### ИДЕНТИТЕТ



Во овој возбудлив трилер со шокантен и оригинален заплет, десет луѓе што не се познаваат меѓусебно и чуваат тајни, се здружуваат поради една голема бура. Еден возач на лимузина (Џон Кјусак), една телевизиска ѕвезда од 80-тите (Ребека Деморни), еден полицаец (Реј Лиота) кој пренесува еден убиец (Џејк Басли), една кол-герла (Аманда Пит), една тазе брачна двојка (Клеа Дувал и Вилијам Ли Скот) и едно семејство во криза (Џон К. Меќинли, Лејла Кензл, Брет Лоер) се засолнуваат во еден запуштен мотел што го води еден нервозен менаџер (Џон Хоукс). Ним им олеснува што нашле засолниште, но тоа чувство набргу го заменува стравот кога некој почнува да ги убива. Тие наскоро сфаќаат дека ако сакаат да преживеат, ќе мора да ја откријат тајната што ги споила заедно.

**HBO 2**



### ОМИЛЕНА

Ран 18 век. Англија е во војна со Франција. Сепак, трките на патки и јадењето ананас цветаат. Нежната Кралица Ана (Оливија Колман) го зазема тронот, а нејзината блиска пријателка Лејди Сара Черчил (Рејчел Вајс) место неа управува со државните работи додека се грижи за слабото здравје на Ана и за нејзиниот непредвидлив темперамент. Кога доаѓа новата слугинка Абигејл Хил (Ема Стоун), нејзиниот шарм ја освојува Сара. Сара ја зема Абигејл под своја закрила и во тоа Абигејл гледа шанса да им се врати на своите аристократски корени. Кога воените политики почнуваат да и одземаат премногу време на Сара, Абигејл стапува на сцена и и станува придружничка на Кралицата. Нивното растечко пријателство и дава шанси на Абигејл да ги исполни своите амбиции, при што нема да дозволи буквално никој и ништо да и застане на патот.

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.



• Денеска ќе шармирате некого со својата појава, па затоа навреме проверете во кого сте ја насочиле енергијата за да не зажалите подоцна. Тоа е привремена ситуација. Може да избирате: или одлучно да продолжите кон целта или да побарате помош. Способни сте да ја најдете суштината на проблемите и експресно да излезете од она во кое сте заплеткани.

**Бик**
21.4 - 20.5.



• Ќе им се лутите на луѓето околу вас, зашто не гледаат на работите како што гледате вие. Имајте разбирање за блиските. Потребната животна сигурност ќе ја стекнете доколку се здружите во деловно партнерство со луѓе кои имаат слични животни ставови како и вие. Денот е создаден за желби, но не претерувајте во очекувањата. Најверојатно ќе се разочарате.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.



• Се наоѓате во фаза на размислување за бизнис и пари. Иако тешко доаѓате до целта, работите ќе бидат така како што сте ги замислиле. Ја имате поддршката на планетите. Љубопитни сте и уживате додека извршувате повеќе работи истовремено. Покрај нормалната терапија, вооружете се и со оптимизам. Дружењето ќе ви помогне да ја надминете кризата.

**Рак**
22.6 - 22.7.



• Се наоѓате во фаза на размислување за бизнис и пари. Иако тешко доаѓате до целта, работите ќе бидат така како што сте ги замислиле. Ја имате поддршката на планетите. Љубопитни сте и уживате додека извршувате повеќе работи истовремено. Ви годи осаменоста и уживате во моментите кои ги посветувате само на себе и на остварување на своите цели.

**Лав**
23.7 - 23.8.



• Ќе мора да најдете начин како безболно да ги примате критиките. Мора да сфатите дека лицето од кое доаѓаат ве сака и ве почитува, а тоа што ви го зборува е најдобронамерно. Збунети сте од сопствените чувства. Предолго се борете и сега сте изморени. Можеби ќе ви се оствари вашата желба доколку го направите првиот чекор.

**Девица**
24.8 - 23.9.



• Не се мислете, бидете храбри. Емотивно реагирате во погрешно време и на погрешен начин. Забележете каде грешите. Денеска ќе се впуштите во разни комбинации и од нив ќе извлечете корист. Не дозволувајте некој да ве вознемири без потреба. Активни сте и енергични така што го остварувате сето она кое ќе ви падне на памет. Добивка на повидок.

**Вага**
24.9 - 23.10.



• Пред вас е релативно напорен ден во секој поглед. Само смирена личност може да го извади максимумот од денешните случувања. Во постојано движење сте и го работите она што го сакате. Партнерот ви покажува колку му значите. Не сте материјалист, но обожавате да трошите. Конечно ќе сфатите дека одлично функционирате во тим, а не сами.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.



• Вознемирени сте и по малку незадоволни. Ни самите не знаете што е причината за вашето расположение, но го препознавате, бидејќи е периодично и без видливи резултати се повторува. Мора да бидете поконкретни за да не се изгубите во илузии. Ви доаѓа време кога треба од зборови да се преминене на дела. Обрнете внимание на надворешните околности.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.



• Во моментов во прв план е љубовната среќа и радосните вести од помладите домашни. Со лесноста ќе комуницирате, ќе се дружите и ќе се договарате со саканата личност по сите важни прашања. Ќе запознаете интересни личности на социјалните мрежи. Вашата дружељубивост ќе и биде симпатична на околината. За да се забавувате, не треба да следите некакви правила.

**Јарец**
22.12 - 20.1.



• Иако луѓето околу вас полесно ја отвораат својата душа кога сте склони кон озборување, денеска кажете „не“ на озборувањата. Можеби тие моментално ќе ви го подобруваат расположението, но подоцна ќе ве исполнуваат со грижа на совеста што сте ја отвориле устата. Можно е да дојде до ненадејно одложување или промена на некој план.

**Водолија**
21.1 - 18.2.



• Некој ќе има потреба од вашата мудрост денеска, па бидете охрабрувачкиот глас во животот на таа личност. Откријте и како вие сте се справиле со сличен проблем во вашиот живот. Ако отворено споделувате работи од минатото, ќе ја продлабочите врската со луѓето, а тие ќе имаат поголема доверба во вас. Јавете и се на својата најдобра пријателка, ќе ви даде одличен совет.

**Риби**
20.2 - 20.3.



• Денес ќе знаете да ги користите можностите и често ќе бидете на вистинското место во вистинско време. Можно е совет од поискусна личност да ви помогне да прифатите зделка која ќе ви донесе огромен финансиски успех, па не ги игнорирајте туѓите зборови. Не можете секогаш да го понудите перфектниот одговор, но не дозволувајте да немате никаков одговор кога ќе ви бидат поставени важни прашања.

Врз основа на член 172 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 18 од Законот за Воена академија („Службен весник на РМ“ бр. 83/2009), Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје распишува

## КОНКУРС
## за избор на наставници на Воената академија во Скопје

**I.** ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СЛЕДНИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ПОДРАЧЈА, ПОЛИЊА И ОБЛАСТИ

**1.** НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: (2) ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ, ПОЛЕ: (205) ЕНЕРГЕТИКА, (214) МАШИНСТВО и (225) ЖИВОТНА СРЕДИНА, ОБЛАСТ: (20507) МОТОРИ СО ВНАТРЕШНО СОГОРУВАЊЕ, (21411) МОТОРНИ ВОЗИЛА и (22503) БУЧАВА И ВИБРАЦИИ - еден (1) извршител;

**2.** НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: (6) ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: (601) ИСТОРИСКИ НАУКИ, НАУЧНА ОБЛАСТ: (60106) СОВРЕМЕНА ИСТОРИЈА (1800 ДО 1914), (60107) СОВРЕМЕНА ИСТОРИЈА (ПОСЛЕ 1914) И (60115) ОПШТА ИСТОРИЈА НА НОВИОТ ВЕК – еден (1) извршител;

**3.** НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: (1) ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: (109) МАТЕМАТИКА, НАУЧНА ОБЛАСТ: (10900) МАТЕМАТИКА, (10912) ПРИМЕНЕТА МАТЕМАТИКА И МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ – еден (1) извршител.

**II.** Покрај општите услови утврдени со Законот за работни односи, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните услови:
1. Кандидатите за избор на наставник во наставно-научни звања на Воената академија треба:
- да имаат завршено трет циклус студии (докторат на науки) во научната област за која се врши изборот;
- да ги исполнуваат општите услови пропишани со Законот за работни односи, условите наведени во член 164, 165 и 166 од Законот за високо образование, со Законот за Воената академија, со Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“–Штип и со Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и во соработнички звања на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“–Скопје.

**III.** Кандидатите за избор во наставно-научно звање треба да ги достават следните документи:
- пријава по конкурс;
- кратка биографија (печатена и електронска);
- диплома за завршен докторат (еден примерок од дипломата оригинал или копија заверена кај нотар);
- странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оценките;
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите електронски во PDF) и
- уверение за државјанство.

Конкурсот трае 8 дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето. Документите се доставуваат до деловодството на Воена академија, на адреса: ул.„Васко Карангелески“ бб Скопје.

Ненавремено доставени документи и непотполна документација нема да се разгледуваат.

Воената академија по извршениот избор во наставно - научно звање, нема обврска да склучува договор за вработување, доколку избраните лица не се во работен однос во Министерството за одбрана.

**ВОЕНА АКАДЕМИЈА**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица (домашни и странски), дека Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, огласува продажба на станбен простор и гаражни места согласно Правилникот за начинот, постапката, условите и роковите за постапување на службите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје при продажба на комерцијален станбен и деловен простор, подруми и гаражи по пат на усно позитивно јавно наддавање бр.02-2798/10-2 од 07.03.2012 година.

Огласот за продажба на станбен простор и гаражни места ќе биде објавен на web страната на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје: www.adsdp.mk на ден 08.04 2020 година ( среда ).

Подетални информации можат да се добијат во канцелариите на Подружниците на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на следните телефони:

1. ПО Скопје _______________ тел. 02 / 2633-888
2. ПО Прилеп _______________ тел. 048/ 415-203
3. ПО Кочани _______________ тел. 033 / 274-411
4. ПО Струмица/Гевгелија ___ тел. 034 / 321-956
5. ПО Битола _______________ тел. 047 / 203-205

**АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката**

Врз основа на членот 172 и членот 176 од Законот за високото образование (бр. 82/2018), директорот на Економскиот институт распишува

## КОНКУРС
## за избор на едно лице во сите наставно-научни звања

1.Се распишува конкурс за избор на едно лице во сите наставно-научни звања, во подрачјето општествени науки, поле економски науки, област економски развој.
2.Кандидатите, покрај општите услови, треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени со Законот за високото образование.
3.Кон пријавата кандидатите треба да доставаат и диплома за завршен степен на образование и кратка биографија со податоци за нивната наставно-научна и стручна работа.
Потребната документација се доставува во архивата на Економскиот институт или по пошта на адреса „Пролет“ бр. 1, 1000 Скопје.
4.Платата и распоредот на работното време се утврдени во актите на Економскиот институт.
5.Конкурсот трае 8 (осум) дена од денот на објавувањето.

Дополнителни информации може да се добијат на телефонскиот број 5220 – 104 или во просториите на Економскиот институт.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**



Ова е место за вашите
**мали огласи**
купи, продај, барај, најди...
По цена од само
**240 денари**
неделно
Информации на телефон
389 **02 55 11 763**

• **БАРАМ** поефтина куќа / викендица со миниумум $1000м^2$ двор / земја во Скопско со имотен лист, струја, вода и канализација.
✆ **077/427-150**

• **СЕ ПРОДАВА** нива с.Стајковци 1000 $м^2$, 500 м од центарот на селото од десна страна 2 ред. Цена 20 евра квадрат.
✆ **070/206-997**

• **КУПУВАМ** стан до 45 $м^2$, до втори-трети кат по можност да има лифт, во реон Ѓорче Петров, Влае, Хром.
✆ **070/230-326**

• **СЕ ИЗДАВА** деловен простор од $25м^2$ во близина на Железничка станица, Гевгелија. Погоден за канцеларија или студио.
✆ **078/625-509**

• **СЕ ПРОДАВА** стан од $45м^2$ во строг центар на Гевгелија, со поглед на плоштад. ✆ **078/625-509**

• **ПРОДАВАМ** куќа во населба Карпош 1 (позади БУГАТИ спроти хотел „Монако“) ул.Беджих Сметана бр.8 плац 330 $м^2$, станбена површина $330м^2$, 165 $м^2$ по спрат. Цена 297.000 евра. ✆ **070/206-997**

Скопје 89,7
Битола 106,0
Штип 103,0
Струмица 106,0
Охрид 105,4
Тетово 101,9
Гевгелија 101,5
КАНАЛ 77
МАГИЈА ВО ЕТЕРОТ
\KANAL77
#KANAL77
RadioMrezaKanal77
\KANAL77

Нотарот Иво Серафимоски со службено седиште во ул.Дервиш Цара, бр.2/1, Тетово, согласно со член 80 став (2) или (3) од Законот за нотаријатот („Сл. Весник на РМ“ бр.72/16 и), и ја издава следната

## ОБЈАВА ЗА ЈАВНА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО

1.На учесникот **Фатон Амети ул.101 бр.бб, с.Бродец**, се врши јавна достава на решението за издавање на нотарски платен **НПН887/18 од 11.09.2018 година.**
2. Се повикува учесникот **Фатон Амети ул.101 бр.бб, с.Бродец**, во рок од 8 дена сметано од последното објавување во дневниот весник да се јави во службеното седиште на Нотарот со цел да го подигне решението означено во точка (1) од јавна објава.
3. Се предупредува учесникот дека ваквиот начин на доставата се смета за уредна достава и дека штетните последици кои можат да настанат поради правосилност и извршност на решението ги сноси самиот учесник.
4. Во случај на непостапување на учесникот по точка по точка (2) од Јавната објава, се смета дека истиот е уредно известен за писменото –решението за издавање на нотарскиот платен налог **НПН887/18 од 11.09.2018 година.**

**Нотар Иво Серафимоски**

НОВОГРАДБА www.novogradba.mk
02/2627-632, 02/2634-395 , 076/494-014
Продажба на:
-станови во градба
до Мерцедес, Скопје
двособни од 44-59$м^2$
трособни од 69-80$м^2$

Поволна цена, со попуст

**ОБЈАВЕТЕ НЕКРОЛОГ СЕГА – ПЛАТЕТЕ КОГА ЌЕ МОЖЕТЕ**

Со оглед на ситуацијата со Ковид-19, Слободен печат им излегува во пресрет на своите читатели кои не во можност да платат веднаш поради рестрикцијата на движење.

**ОБЈАВЕТЕ НЕКРОЛОГ СЕГА, А ПЛАТЕТЕ КОГА ЌЕ БИДЕТЕ ВО МОЖНОСТ.**

Сите жални вести, помени и последни поздрави можете да ги испратите на маилот: **office@pecat.mk** или на телефонот **072 229 255 (на Вибер),** секој ден од 9 до 13ч.

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ СЕКОГАШ НА СТРАНАТА НА НАРОДОТ**

## НЕКРОЛОЗИ | Тел: (02) 55 11 763



**Сеќавање**

Измина една цела година од твоето заминување наш најмил Дедо!

**НАУМ ДИМОВСКИ**

Споменот за тебе и твоето дело остави неизбришлив печат и придонес во нашите животи!
Вечно ќе се сеќаваме и ќе те носиме во нашите мисли!
Почивај во мир!

Од твоите внуци: Ирина, Симона, Лилјана и Лазар



**Годишен помен**

Денес се навршува една година откако нашиот сакан син и брат,сопруг, татко и зет

**ЗЛАТКО СЛАВЕНСКИ**

замина во вечноста.

Вечно си во нашите мисли и срца.
Почивај во мир.

Од фамилијата



**Тажен помен**

Деновиве се навршуваат четириесет дена откако нè напушти нашиот сакан татко, свекор, дедо и прадедо

**РАДЕ АТАНАСОВСКИ**
Роден 1926 година

Горди сме со тебе.
Секогаш ќе бидеш со нас.

Со љубов и почит ќерката Ленче и синот Јонче со семејствата

**НЕКРОЛОЗИ**

**ЦЕНИ** НА ОБЈАВА ВО „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“

● (4,25см x 7см) = **400 денари**
● (8,5см x 7см) = **1.000 денари**

секогаш на страната на народот
WWW.SLOBODENPECAT.MK

СП.
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
Мозаик
Среда 8 април 2020 |
Број 1930 | Година VII |

**На 95-годишна возраст.**

## Почина Бондовата девојка, актерката Хонор Блекман

• Актерката Хонор Блекман, најпозната по улогата на Бондовата девојка Пуси Галор, почина на 95-годишна возраст. Како што пишува „Гардијан“, таа починала од природна смрт.

- Освен што беше обожавана мајка и баба, Хонор беше и актерка со голем талент и која со својот професионализмот во своето работење придонесе за настанувањето на некои од најголемите филмови и театарски продукции на сите времиња – напишаа членовите на семејството во соопштението со кое ја информираа јавноста за смртта на актерката.

Инаку, Блекман се прослави со улогата на Кејти Гејл во серијата „Одмаздници“ од 60-тите години на минатиот век.





**Поради пандемијата.**



## Мисица ја оставила круната и се вратила да работи како докторка

• Бхашха Мукхерјее, која минатата година беше прогласена за мис на Англија, се вратила во татковината за да продолжи со својата лекарска кариера во време на коронавирусот, пишува Си-ен-ен.

Убавицата кога била прогласена пандемијата, се наоѓала во Индија, каде што ја извршувала својата хуманитарна задача, но тогаш сфатила дека состојбата во Велика Британија секојдневно станува сè полоша и полоша,



како последица на ковид-19. Таа постојано добивала пораки од своите колеги, од кои дознала дека има сè поголем број жртви. Токму поради тоа одлучила да остави сè и да се врати да помогне во болницата во која работела претходно.

- И кога извршуваш некоја хуманитарна работа како што правев јас, и понатаму треба да ја носиш круната и да бидеш убава. Јас сакав да се вратам дома, да се вратам на работа, да ги лекувам луѓето... Знаев дека можам да помогнам – изјавила таа.

**„Борба за живот“.**

# Кампања посветена на жените што трпат насилство во текот на пандемијата со коронавирус

**Италијанскиот уметник Александро Паломбо, кој ја започна оваа кампања, апелираше сè што некој ќе слушне, а е поврзано со насилство, веднаш да го пријави, со цел да се спаси живот**




Италијанскиот уметник Александро Паломбо почна нова кампања посветена на сите жени што трпат насилство во текот на пандемијата на коронавирусот, под назив „Борба за живот“. Уметникот за потребите на кампањата искористи фотографии од Лиса Еделстин, Ева Лонгорија, Оливија Вајлд, Тери Хачер и уште една ѕвезда од „Очајни домаќинки“, Марша Крос.

### Да се подигне свеста

Целта на кампањата е да ја подигне свеста за жените што во моментов трпат семејно насилство и ги преживуваат најлошите денови во својот живот во текот на пандемијата на коронавирусот кога се затворени дома со насилникот.

Кампањата на Паломбо има за цел да ги покаже двете најголеми битки што жените во моментов ги водат – од една страна, лекарките и медицинските сестри се борат на еден фронт, а оние другите жени затворени во домот губат на друг фронт. И едната и другата страна се борат за живот. Затворањето кое го наложи вонредната ситуација предизвикана од пандемијата на коронавирусот, предизвикува силна социјална и економска нестабилност поради загубата на приходи и недостатокот на социјални односи. За сите жени што веќе живеат во сенка на семејното насилство, оваа самоизолација може да стане смртоносна.




### Уметникот со апел

Уметникот апелираше доколку некој слушне за насилство, веднаш да го пријави за да се спаси живот.

– Доколку слушнете вресок или тепање што доаѓа од некој од соседните станови, не смеете да молчите. Тишината ве прави соучесници – изјави Александро Паломбо.




### Обратете се за помош

Доколку вие самите или некој друг кого го познавате е жртва на семејно насилство, обратете се за помош и не го штитете насилникот! Веднаш јавете се во полиција на бројот 192 и пријавете.

1. Согласно со мерките и активностите за превенција од ширење на болеста ковид-19, донесени од Владата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика известува дека жртвите на семејно насилство кои имаат потреба од помош, поддршка и заштита од семејно насилство, најпрво да се јават на Националната бесплатна мобилна СОС-линија за жртви на семејно насилство 070/075/077 141 700; која обезбедува 24-часовна точна, навремена и доверлива информација за заштита на жртвите, за достапните услуги и телефонско советување на жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство.

2. Во случаи кога постои сознание за загрозување на животот и здравјето на граѓаните, како последица на родово базирано насилство и семејно насилство, како и кога дете е жртва на семејно насилство, да се пријави до најблиската Полициска станица или надлежниот Центар за социјална работа.

3. Линк на ЦСР: http://www.mtsp.gov.mk/institucii.nspx

**Англија.**

## Супермајката го роди 22-то дете

• Сју Редфорд и нејзиниот сопруг Ноел од Ланкашир го проширија семејството за уште еден член - девојче тешко 3 килограми.

Родителите во најголемото британско семејство, кои инаку сами се издржуваат и имаат своја пекарница, допрва треба да ѝ дадат име на својата 11-та ќерка.

Породувањето траело 10 часа, а Сју рекла многу се исплашила кога отишла во болница поради пандемијата со коронавирусот.

- Мислев дека на мојот сопруг нема да му дозволат да дојде во болница. Бев многу исплашена бидејќи бевме во изолација и се плашев што може да се случи кога ќе излеземе од дома - рекла таа.

Таа додала дека стравот исчезнал кога пристигнала во болницата.

- Тоа ми беше најчудното породување досега, но на крајот би рекла дека тоа беше и моето најдобро искуство досега - истакнала Сју и додала дека сè уште не одлучиле како ќе се вика девојчето, како и дека сега поради пандемијата, не можат да ја пријават.





Сју, која во бременост минала повеќе од 800 недели од животот, се заколнала дека ова ќе биде последното нејзино бебе, но тоа го рекла неколкупати досега, наведуваат медиумите.

Сју првпат забременила на 14 години и нивниот прв син сега има 30 години и две деца. Најстарата ќерка има 26 години и три деца.

Освен двете најстари деца, кои се осамостоиле, семејството живее во куќа со 10 соби. Секојдневно машината за перење ја пуштаат 9 пати, а месечно трошат по 30 шишиња течен детергент.